**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# КОМУНИЦИРАЊЕТО КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ЕФИКАСНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПОЛИЦИСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

**Ментор:**
проф. д-р. Оливер Бакрески

**Изработила:**
Викторија Ѓурковиќ
број на индекс: 3311

СКОПЈЕ, Ноември, 2019 година

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**Тема**: Комуницирањето како предуслов за ефикасно планирање во безбедносниот сектор

**Ментор**: проф. др. Оливер Бакрески

**Изработила**: Викторија Ѓурковиќ, број на индекс: 3311

**Членови на комисијата:**

проф. др. Оливер Бакрески, Филозофски Факултет, Скопје

/ , Филозофски Факултет, Скопје

/ , Филозофски Факултет, Скопје

# СОДРЖИНА

ГЛАВА 1 – МЕТОДОЛОШКА РАМКА ..... 5
1.1 Формулирање на проблемот на истражувањето ..... 5
1.2. Досегашни истражувања ..... 7
1.3 Предмет на истражувањето ..... 8
1.4 Цели и задачи на истражувањето ..... 12
1.4.1 Цели на истражувањето ..... 12
1.4.2 Задачи на истражувањето ..... 13
1.5 Хипотетичка рамка ..... 14
1.6 Методи на истражувањето ..... 14
ГЛАВА 2 - ПЛАНИРАЊЕТО КАКО ПРОЦЕСНА ФУНКЦИЈА ..... 16
2.1 Општо за планирањето ..... 16
2.2 Значење на планирањето ..... 17
2.3 Видови на планирање ..... 19
2.4 Услови на планирање ..... 21
2.5 Ефекти на планирање ..... 22
ГЛАВА 3 – КОМУНИЦУРАЊЕТО ВО ФУНКЦИЈА НА ЕФИКАСНО ПЛАНИРАЊЕ ..... 24
3.1 Општо значење на поимот комуникација ..... 24
3.2 Видови комуникација ..... 28
3.3 Потребата од комуницирање ..... 32
3.3.1 Предуслови за комуницирање ..... 34
3.4 Потребата од комуникациите во безбедносниот сектор ..... 34
3.4.1 Значењето на комуникациите и комуницирањето во безбедносниот сектор ..... 36
ГЛАВА 4 - ИНФОРМАЦИИТЕ И ИНФОРМИРАЊЕТО ..... 38
4.1 Општо значење на поимот информација ..... 38
4.2 Потребата за информирање ..... 41
4.3 Значењето на информациите ..... 42
4.4 Видови на информации ..... 44
4.5 Меѓузависноста на информациите и комуникациите ..... 47
4.5.1 Основи на теоријата на информациите ..... 48
4.6 Значењето на информациите за безбедноста на државата ..... 51
4.7 Примена на информациите во безбедносниот сектор на државата ..... 54
4.8 Значењето на информациите за потребите на полицијата ..... 55
4.9 Значењето на информациите за потребите на армијата ..... 57

4.9.1.Видови на информации во армијата ........ 59
4.10 Класифицирани информации ........ 60
4.11 Регулирање на безбедносните информациски системи ........ 62
ГЛАВА 5 - КОМУНИКАЦИИТЕ  И БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР ........ 64
5.1 Примена на комуникациските вештини во безбедносниот  сектор  на државата ........ 64
5.2 Заштита во комуникацискиот процес ........ 66
5.3 Форми на заштита од комуникациска небезбедност ........ 67
5.3.1 Стандардите и препораките за правилна комуникациската безбедност ........ 68
ГЛАВА 6 – ЗАКЛУЧОК ........ 70
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 74

# ГЛАВА 1 – МЕТОДОЛОШКА РАМКА

## 1.1 Формулирање на проблемот на истражувањето

Постојаната дилема „Од кого и од што треба да се штити општеството“, претставува вечен проблем за сите општества, феномен од чии одговори зависи судбината на конкретните општества, нивниот живот и нивната смрт. Одговорот на овие сложени прашања претставува фундамент за сите дејствувања во безбедносна смисла, бидејќи преку нив во најголема мера се врши дефинирање, класификација и објаснување на настанокот, траењето и разорното дејствување во општественото штетните, но опасни појави од аспект на неговата интегрална безбедност.

За севкупната заштита на општеството неопходно е да се познаваат разните облици и извори на општествени судири, разни деструктивни дејствувања, како и суштината на сите општествени, природни и технички појави кои во определи варијанти и облици го пројавуваат своето разорно дејство насочено кон загрозување на интегралната безбедност во даденото општество[1].

Со цел безбедноста како дејност да биде успешна на сегашниот степен на развој на општеството, мора да биде солидно обмислена, свесно дејство во рамките на целото општество, бидејќи луѓето се меѓусебно поврзани во општеството и современите опасности подеднакво ги загрозуваат сите луѓе[2].

Комуникацијата припаѓа на делот менливи категории. Таа во својот состав нема официјално утврдени правила и категории, кои ќе ја гарантираат нејзината форма од почетокот, па се до крајот. Таа подлежи на постојани измени и отстапувања во самиот свој состав.

Формите на комуникацијата кои се од значење за безбедноста на државата, поминуваат низ повеќе етапи и процеси додека да дојдат до својот краен, завршен облик за да делуваат во полза на безбедноста на самата држава. Најчесто проблемот во

---

[1] Котовчевски М. Национална безбедност на Македонија, Македонската цивилизација, Скопје, 2000, стр.100.

[2] Исто, стр.102.

формирањето на комуникацискиот процес зависи и од внатрешната структура на некоја институција во која таа се формира. Затвореноста на истата и недостапноста до квалитетниот потенцијал кој со себе го носи истата, оневозможуваат да има значајна и функционална информација како крајна посакувана цел.

Надворешните фактори кои влијаат врз состојбата и процесот на создавањето на комуникациската врска, како и нејзината понатамошна обработка и тек се доста значаен елемент.

Комуникацијата како поим, а подоцна и како процес не може да делува сама во односот на зачувувањето на мирот и стабилноста во одредено општество. Таа зависи од институциите во општеството во кое делува. Нивната подготвеност да создадат одредена мрежа на информирање која би се обработила со цел да се зачува мирот и стабилноста во општеството или пак на веќе создадената комуникациска врска да и се посвети темелна обработка, за да се постигне посакуваниот ефект од страна на безбедносните служби.

Генерално, комуникацијата е феномен со чија помош вработените во безбедносните институции можат да воспостават определени односи со сите субјекти на системот на национална безбедност и што е најважно со себе и со другите. Овој процес почива врз пораки и информации со различни содржини што се посредувани со симболи, сигнали и шифри и што се емитуваат низ полициската организација со помош на одредени канали и средства за комуницирање. Притоа, цел на комуникацискиот процес во полицијата е да се придонесе во заедничкото поврзување и дејствување на луѓето на сите нивоа во организационата структура и во сите ситуации во кои може да се најде самата институција. Исто така, комуникацијата во рамките на работењето на полицијата придонесува и за воспоставување на меѓусебни односи на полициските службеници во насока на координирано и организирано дејствување во ситуации со висок безбедносен ризик.

Оттука, теоретската експликација на магистерскиот труд треба да даде одговори и на следните прашања:

- Што значат комуникациите и комуницирањето за ефикасно функционирање на безбедносниот систем;

- Какви комуникациски врски им се потребни на вработените во полициската организација;
- Каква е улогата на комуникацијата во размена на информации важни за да се воочи определена безбедносна закана;
- Какви комуникации треба да се преземаат заради ефикасна превенција на безбедносни закани;
- Како е уредена правната регулатива во оваа област;
- Какви треба да се условите во кои треба да се остварува потребната комуникација во насока на размена и споделување на одредени информации со одредени органи и тела.

## 1.2. Досегашни истражувања

Во историјата на комуниколошката наука постојат основни сознанија за настанокот на комуницирањето и комуникацијата, но главно, тие се однесуваат на претпоставки. За ова прашање се верува дека луѓето започнале да ја совладуваат комуникацијата во нивната просторна, и пред се, временска димензија[3].

Се разбира после дефинирањето како поим, комуникацијата ја наоѓа својата примена во општествениот живот, се одвојува како посебна категорија и делува врз општествено - политичкиот и економски развој на една земја.

При процесот на развивањето на комуникацијата како наука таа започнува да дејствува во повеќе области и дејности во општеството во коешто и се развива. Како посебен сегмент со кои се занимава комуникацијата е и безбедносниот сектор во државата.

Досегашните истражувања во полето на комуникациите и нивното влијание врз безбедноста во државата се поврзуваат со јавното мислење, пропагандата, видовите на информирање, потребите од комуникацијата итн.

[3] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.41

Истражувањата за делувањето на комуникациите се поврзани со основите на безжичната комуникација, почетокот на врската која понатаму преминува во сигнал, а со тоа добива статус на приемник или одредиште[4].

Основата на комуникацијата е составена од: комуникатор, порака, код, трансмисија (канал) и примач[5].

Потребата од систематизирање и дефинирање на информациската безбедност, доведува до создавање и на посебно утврдени правилници и закони со кои се регулира безбедноста на комуникацијата.

Потоа развојот на комуникациската безбедност се дефинира според структурата на комуникацискиот процес која во себе ги содржи пет категории: извор, порака, одредиште, енкодирање и декодирање, која се користи и денес во сите институции, организации и секаде каде што има доверливи информации и постои ризик за нивно откривање[6].

Во Северна Македонија, пак, комуникациите и нивното делување во безбедносниот сектор на државата се поткрепени со одредена литература која се првенствено се фокусира на безбедносниот сектор на државата. Со самото тоа ќе се поттикне и интересот за понатамошно истражување на оваа проблематика, воочувајќи ги проблемите и односите помеѓу безбедноста и сигурноста на комуникацискиот сигнал како посебна и заедничка категорија на поими.

## 1.3 Предмет на истражувањето

Како основен предмет на истражувањето ќе биде опфатено значењето на формите на комуникација и нивната примена во безбедносниот систем на Република Северна Македонија, како на национално, така и на меѓународно ниво. Ќе биде опфатено настанувањето на комуникациите, нивното движење и делување низ системот на безбедност и нивната улога во обезбедувањето на мирот и стабилноста во државата, како и надвор од неа. Новите ризици и закани кои се манифестираат во

---

[4] Јанкуловска П, Комуникациски вештини, Интерна скрипта, Скопје, 2000, стр.1

[5] Barry, T.E, Journalisam Today, Philadelphia 1958, st.202

[6] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.68

областа на комуникациите ќе опфаќаат дел од истражувањето. Новиот светски поредок во информирањето и комуникациите може повеќе да се дефинира како процес отколку како каков било даден збир на услови и практики. Посебностите на процесот постојано ќе се менуваат, иако неговите цели ќе бидат трајни - повеќе праведност, повеќе непристрасност и реципрочност во размената на информациите, помалку зависност во процесот на комуникации, помалку напади во ширењето на пораките, повеќе потпирање врз сопствените сили и врз сопствениот идентитет, повеќе ползи за општеството.

Посебен акцент ќе биде ставен на институционалната структура на државата и лавиринтите низ кои мора да поминува секоја форма на комуникација, за да дојде со својот основен облик со цел да делува врз безбедноста на државата. Во согласност со тоа одделно ќе се објаснат и поимите кои допринесуваат за структурата и делувањето на комуницирањето како појава, како што се: што е безбедност, што е комуникација, што е комуницирање, видови на комуникација, јавно мислење, што претставува безбедносниот сектор, што е полиција, што е информациска безбедност, што е систем за национална безбедност итн.

Безбедноста во најшироко политичко - правна смисла ги опфаќа мерките и активностите за зачувување и заштита од сите видови загрозувања на независноста и територијалната целовитост на една земја и заштита на внатрешниот државен и правен поредок.

Постојат повеќе дефиниции за тоа што е комуникација.

**Комуникацијата** *е вербална меѓу размена на мисли и идеи*[7]. Исто така, **комуникацијата** е „*Пренесување на информации, идеи, емоции, вештини, користење на симболи, зборови, слики, бројки, цртежи. Тоа е акт или процес на пренесување кој обично се вика комуникација*“[8].

**Комуницирањето** *преставува секоја онаа порака која е предмет на реципрочна размена на информативни содржини помеѓу рамноправни субјекти на*

[7] Извор: https://mk.seamonkeyworship.com/1147-types-of-communications.html посетена на 20.07.2019 год.
[8] Манева И, Радиото како медиум за комуницирање во основното училиште, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2012 год, стр.9.

*комуникацискиот чин и којашто во процесот на размената помеѓу комуникаторот и реципиентот е изложена на можностите на критичка негација на ново стекнатото сознание што е содржано во неа*[9].

Под **видови на комуникација** се подразбира категоризација на поими во зависност од тоа дали се употребуваат симболи или сигнали, дали се употребува говорот или други знаци, дали директно се обраќаме или користиме технички помагала при општењето разликуваме:

1. ***Симболичка и сигнална комуникација.*** Кога воспримаме знаци кои не се упатени кон нас, станува збор за сигнална комуникација. Кога, пак, знаците ни се упатени нам, таа комуникација се вика симболичка. Најсложен и најсовршен систем од симболи е човековиот јазик.

2. ***Гласовна и не гласовна комуникација***. И луѓето и животните комуницираат со испуштање гласови. Кога употребуваме други знаци, гестови, мимики, како и писмо (напишан текст), тогаш комуникацијата е не гласовна.

3. ***Посредна и непосредна комуникација.*** Човекот многу често употребува технички помагала при комуникацијата. Значи, освен директно (непосредно), луѓето комуницираат со посредство на телефон, компјутер, итн. Вистинска непосредна комуникација се остварува кога си комуницираме самите со себе, односно кога размислуваме или си правиме планови. На пример, размислуваме за тоа што треба да направиме во блиска иднина.

4. ***Еднонасочна и заемна комуникација.*** Претходниот пример претставува еднонасочна комуникација (самите кон себе), но таква комуникација може да се случи и кога има повеќе учесници. На пример, кога комуникаторот го предава сигналот комуникацијата е еднонасочна, но кога ќе ги вклучи учениците во активна дискусија за темата, тогаш комуникацијата станува заемна. Еднонасочни се и средствата за јавно информирање (медиумите), телевизијата, радиото, печатените медиуми, како и писмата без одговор.

---

[9] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.41.

5. ***Вербална и невербална комуникација.*** Неколкупати кажавме дека јазикот е најсовршено средство за комуникација. Кога го употребуваме јазикот ние вербално комуницираме. Со помош на зборовите најпрецизно ги искажуваме нашите мисли. Невербалната комуникација подразбира употреба на гестови, мимики, паузи итн., односно кога не се употребува говор (зборови)[10].

**Безбедносен сектор** е дефиниран како оние државни институции чија првенствена задача е да се обезбеди сигурност, безбедност и стабилност на граѓаните и државата, како и они цивилни структури кои се одговорни за нивно управување и супер визија. Таквите државни институции ги вклучуваат вооружените сили, полицијата, разузнавачките и граничните служби како и цивилната администрација која е одговорна за изготвување и имплементирање на внатрешната и надворешната безбедносна политика. Исто така безбедносниот сектор ги вклучува и паравоените единици и приватните безбедносни организации[11].

**Полицијата** е дефинирана како сложен, специфичен и динамичен извршен орган на владата кој во согласност со законските овластувања е задолжен за одржување на внатрешната безбедност во општеството, користејќи се со легитимната употреба на средствата за принуда, придржувајќи се строго на етичко-професионалните принципи во вршењето на своите должности[12].

**Јавното мислење** претставува комуникациски процес во кој индивидуите и општествените групи настојуваат да остварат консензус за актуелните и спорните прашања, со цел да влијаат врз дејствувањето на институциите на власта, одлучувањето и управувањето со работите во државата и општеството[13].

**Информациската безбедност** подразбира зачувување на приватноста, интегритетот и достапноста на информацијата, каде и да е зачувана, обработувана или пренесувана (Jason Andress)[14].

---

[10] Извор: https://makedonskijazik.mk/2009/09/%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D1%83%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.html посетено на 04.09.2019 година.

[11] Бакрески О., Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје 2008, стр.22-27.

[12] Никола Дујовски, Факултет за безбедност, Скопје, 2018, стр.81.

[13] Masleša R., *Teorija i sistemi sigurnosti*, Magistrat, Sarajevo, 2001, str. 176.

[14] Principles of Information Security - Michael E. Whitman Herbert J. Mattord,Kindle Edition, 2011, pag.8.

**Безбедноста на информациите** е дефинирана како „*зачувување на информацијата и информатичките системи од недозволен пристап, употреба, опис, модификација или уништување*“ според американскиот закон за заштита на информациите[15].

## 1.4 Цели и задачи на истражувањето

### 1.4.1 Цели на истражувањето

Целта на ова истражување е да се прикаже примената и значењето на формите со кои се комуницира во безбедносниот систем на државата, односно нивната улога во полициската организација во Република Северна Македонија. Ќе се анализира начинот и обработката на комуникациските врски кои се дел безбедносната политика и нивната правилна употреба, и особено што значи концептот на комуникациска безбедност во полицијата. Преку ова истражување ќе се објасни практичната и научната потреба од анализирање на оваа појава.

***Научна цел***

Преку научната цел на ова истражување ќе се објасни делувањето и структурата на комуникацискиот процес. Ќе се објасни системот за информирање и комуницирање и ќе се постави на научна основа со цел подобро разбирање на овој проблем и негово решавање.

***Практична цел***

Практичната цел на ова истражување има за цел да ја согледа и претстави важноста од правилното и неправилното користење на комуникациите. Нивната структура и значењето од внатрешно - надворешни влијанија кои би можеле да имаат некакво дејство врз крајниот ефект на комуникацијата - пораката. Притоа можно е да се создаде и конструктивна рамка преку која ќе може да се одбегнат несакани дејствија врз комуникациската врска.

[15] The Basics of Information Security: Understanding the Fundamentals of InfoSec in Theory and Practice- Jason Andress, 2011, elsevier

***Општи цели***

Општите цели на ова истражување ќе бидат:

- Утврдување на местото и положбата на изворите на комуницирање;
- Да се одреди какви облици на комуникациската пракса постојат;
- Да се одреди како се остварува потребната комуникација меѓу вработените во полицијата;
- Да се види какво е значењето на системот за комуникациска безбедност;
- Да се види како влијае новиот бран на комуникациски технологии врз работењето на полицијата;
- Да се види кои од можните модели на комуникација се прифатливи и применливи во работата на полицијата во Северна Македонија;
- Да се види кои фактори влијаат на подобрување на комуникацијата во полициските структури.

### 1.4.2 Задачи на истражувањето

При анализата за значењето на формите на комуникација во полицијата на Северна Македонија ќе бидат поставени следните задачи:

- Да се прикажат моделите на комуницирање во безбедносниот сектор во Северна Македонија;

  Да се согледа какви канали на комуницирање се евидентни;
- Да се види дали има реални пречки во комуницирањето;
- Да се разработат одредени форми на заштита од комуникациска небезбедност;
- Да се согледаат стандардите и препораките за правилна комуникациската безбедност.

## 1.5 Хипотетичка рамка

Врз основа на поставените цели на истражувањето, би ги поставиле следниве општа и посебни хипотези.

***Општа хипотеза***

Соодветниот пристап и начин на комуницирање во полициската организација во голема мера влијае на соодветната дистрибуција на релевантни информации кои се добиваат од комуникациските врски и придонесува реално да се подобри извршувањето на конкретни безбедносни проблеми.

***Посебни хипотези***

1. Неконзистентноста во прописите со кои се регулира комуникацијата на полициските службеници може да доведе до нарушување на функционирањето на полицискиот систем;
2. Непостоењето на постојана и навремена комуникација која укажува на проблеми може да доведе до не реализација на поставените задачи;
3. Слабата комуникација може да доведе до проблематизирање на одредени состојби наместо нивно решавање;
4. Обезбедувањето на потребната комуникација и соработка меѓу вработените во полициската организација доведува до поголема ефикасност на безбедносниот систем;
5. Навремената и соодветната комуникација придонесува брзо и енергично да се спротивстават безбедносните структури на безбедносните предизвици.

## 1.6 Методи на истражувањето

Секако дека изборот на методот за собирање на податоците пред се зависи од предметот на истражување, но изборот на методот во голема мера зависи и од доброто познавање на неговите можности и особини.

Од методолошка гледна точка ова истражување има интегрален (квалитативен и квантитативен пристап). Посебна примена во истражувањето ќе најдат следните методи:

**Анализа на содржината** со употребата на анализата на содржината ќе се воспостави основата за поголемиот дел од истражувањето. Ќе се анализираат законите за сопственост, законот за слобода на информациите, органите кои се дел од системот на безбедност на Северна Македонија, нивата структура и делување. Потоа слободата на изразувањето и комуницирањето воопшто и во Северна Македонија, како и агенциите кои се дел до системот за заштита на информациите итн.

**Историскиот метод.** Со користење на историскиот метод ќе се направи анализа на еволуцијата на комуникациите. За подобро да се разбере нивното значење и функционирање во општеството, потребно е најнапред да се анализира нивното потекло. Со текот на еволуцијата на светот, потребите се менувале. Се менувала структурата на државата, социјално - општествената состојба, политичката и правната моќ а со самото тоа се усовршувала и комуникацијата како појава.

**Аналитичко-синтетичката метода** треба да овозможи да се согледаат теоретските ставови на луѓето кои се занимаваат со изучувањето на комуникациите. Исто така, овој метод ќе се употреби со цел да се објасни потребата да се заштитат формите на комуникација од злоупотреба и да се спроведе ефикасен метод за заштита од нивна понатамошна злоупотреба. Доколку се заштитат навремено сите канали на комуницирање би се намалиле и трошоците кои би се создале за нивно понатамошно наоѓање, селектирање, зачувување и обезбедување на нивна секундарна сигурност. Би се заштедило на човечкиот и организацискиот фактор кои во денешни услови се од витално значење за комуникациската безбедност.

**Техника на истражување.** За поефикасно согледување на проблемот своите анализи ќе ги дополнам со прашалник. Прашалникот со отворен и затворен тип на прашања ќе овозможи да се постигне целта и ќе се види мислењето на вработените во полициските структури за начинот на соработка на безбедносните структури во остварување на безбедноста на државата.

# ГЛАВА 2 - ПЛАНИРАЊЕТО КАКО ПРОЦЕСНА ФУНКЦИЈА

## 2.1 Општо за планирањето

Поставувањето на зададената цел која е предмет на обработка, се одвива преку процесот на планирање.

Планирањето како процес претставува една од основните алки на системот на менаџирање и управување со одреден вид на работа која е подложена на некоја промена, варијација или состојба.

Текот на настаните кои се врзани со процесот на планирање на одредена состојба, вклучуваат потреба од претходно анализирање, одлучување и преземање на одредени акции во целите на организацијата во која се случува процесот на планирањето.

Потребата за планирањето како процес на функција произлегува од систематско анализирање на проблемите кои произлегувале во минатото, кога сеуште не бил широко распространет и употребуван овој процес[16].

Иако, целта е дефинирана, посакуваните резултати може да не ги задоволуваат оние кои се дел од процесот на обработка на истите. Поради таа причина, честопати информациите кои се дел од комуникацискиот процес можат да се контаминирани, нецелосни, непроверени итн. Доколку, нема строго дефинирани правила за процесот и функцијата на планирањето, крајниот резултат нема да ги задоволува посакуваните ефекти[17].

Во современото управување со информациско-комуникацискиот процец, од голема важност е однапред да се дефинираат целите и стратегиите кои се од особена важност за спроведување на ефикасен систем за обработка на информациите.

---

16 Анчевска Кристина, Влијанието на менаџмент контролата врз успешноста на работењето на компаниите, Универзитет Гоце Делчев, Штип 2017, стр.35.
17 Спирковска Марина, Човековите ресурси како стратешка функција на организациите, Универзитет Свети Климент Охридски, Битола 2018, стр.15.

Планирањето во својата нај општа форма како дефиниција во литературата ги има следните дефиниции:

*„Планирањето може да се дефинира како поставување на цел и прецизирање на активност, начин и употреба на ресурси за негово остварување“*[18].

Повеќето дефиниции за планирањето се ориентирани кон менаџерската функција во извршување на некоја зададена работа. Сепак, тоа и со право така. За управувањето и конторлата на цел комуникациско-информациски систем потребни се и менаџерски вештини.

*„Планирањето е процес на размислување за активности потребни за да се постигне посакувана цел. Тоа е прва и најзначајна активност за постигнување на посакувани резултати. Прогнозата може да се опише како предвидување како ќе изгледа во иднина информацискиот процес, додека планирањето предвидува како треба да изгледа иднината за истиот“*[19].

Според Коонц и О'Донел планирањето претставува “*Однапред да се одлучува што се прави. Кога еден менаџер планира, тој подготвува курс на дејствување и ги заснова одлуките за намената, знаењето и ги согледува проценките*“.[20]

## 2.2 Значење на планирањето

Според значењето кое го има планирањето во процесот на одредена работа, тој во себе содржи и повеќе функции, кои ќе ги образложам подолу во текстот.

Планирањето е процес во кој однапред се размислува за активностите кои се поврзани со комуникацискиот процес. Во него се согледуваат процесите за обработка на информациите, се подготвува методолошка рамка за посакувани ефекти од самиот процес, како и подготовка од несакани дејствија (внатрешни или надворешни),

[18] Панајотова Д. Планирањето и креирањето на менаџмент-стратегии во организационите субјекти, Гоце Делчев, Штип, 2016, стр.11.
[19] Прирачник за стратешко планирање. Скопје, Влада на Република Северна Македонија, 2014,стр. 79.
[20] Cyril J. O'Donnell/Harold Koontz, Principles of Management: An Analysis of Managerial Functions, McGraw-Hill Education, 2018, стр.158.

очекувани или непредвидени и нивно минимализирање врз квалитетот на комуникацискиот процес.

Доколку нема утврден протокол и план за работа во информациско-безбедносниот сектор на службите за безбедност, тогаш крајните информациски резултати не би биле безбедни, проверени, веродостојни и би го изгубиле својот кредибилитет, а со тоа и својата примарна цел и функција.

Планирањето во информациско-комуникацискиот безбедносниот сектор е потребен за истот да се подготви за работа на најдобар можен начин. Тој во најопшта смисла го отсликува работењето на еден сектор и резултатите од неговото работење.

Недоволната подготвеност и непланското работење можат да доведат до лоши резултати, кои потоа се рефлектираат врз целокупниот тим кој бил дел од тој процес, а воедно се јавува страв од понатамошни лоши резулати за секој иден комуникациски процес[21].

Поради тие причини потребно е да се воспостави цел на планирањето како процес.

Секторите кои се задолжени за спроведување, управување, контролирање и изведување на плановите за комуникациска безбедност, треба да се во тек со најновите информациски системи, за обработка и процесирање на податоците. Имено, со веќе утврдениот технолошки развој, потребно е навремено надградување на информациските и комуникациските системи, нивна постојана контрола на квалитет и нивно имплементирање во институциите на безбедност.

Планирањето треба да ги поседува следните чекори:

1. **Спецификација.** Колку таа е досижна и реално изводлива.
2. **Мерење на напредокот.** Да се следат резултатите во тек, и воедно да се направи споредба со резултатите кои изминале.
3. **Поставување на стандард.** Точно да се определат целите.

[21] Nikolić Milos, Menadžment I funkcija menadžmenta, Visoka skola primenjenih Strukovih Studija, Vranje, Srbija 2014, стр. 219.

4. **Утврдување на времето.** Временски период во кој вршителите на процесот зададената задача мора да ја завршат во одреден временски рок, или со одредена законска рамка.
5. **Одредување на условите.** Параметри кои треба да се исполнат за да може да биде овозможено поставувањето на целите (безбедност на работно место, ресурси, одговорни лица, техничка подговтвеност, итн)[22].

Според горенаведните чекори, може да се заклучи дека планирањето во својата структура поседува чекори кои треба да се следат и почитуваат, за да се постигне саканата цел.

## 2.3 Видови на планирање

Во зависност од предметот на обработка, во литературата постојат повеќе типови за планирање, планирање на микро и макро политика, стратешко планирање, просторно планирање, итн.

Дури и пред да се спроведе планирањето, треба да се утврди точно за што конкретно е потребно планирање. Дали е потребен план за целокупниот процес кој е предмет на обработка или само за одреден сегмент од процесот.

Со примена на планирањето се зголемува продуктивноста на организацијата, се намалуваат финансиските трошоци, се заштедува на време за обработка на податоците и сите расположливи ресурси се точно распределени и искористени.

Според д-р Линда Броуни, планирањето за потребата на комуникацискиот процес претставува идентификација на целите, формата, каналите, учесниците во комуникацискиот процес, распоредот по кој се одвива комуникацискиот процес и одговорностите кои произлегуваат од истиот[23].

[22] Dr Lynda Bourne, Communication Planning Series on Stakeholder Engagement, PM World Journal, Октомври 2016, стр. 3.
[23] Исто, стр.3

Според видот планирањето се дели во повеќе категории:

- Според временскиот период разликуваме:

-**долгорочни** (повеќе од три години); и
-**краткорочни** (до година дена)[24].

- Според обемот:

- **стратегиски** се позиционираат во склоп деловното опкружување, на подолг временски период, и однапред е утврден нивниот план; и
- **оперативен** за краток временски период, честопати можат да се јават при веќе утврден план, и се краткотрајни односно не траат подолго од 12 месеци[25].

- Според специфичноста:

- **специфични** тие се јасно дефинирани, не отстапуваат од јасно дефинираниот план; и
- **дирекциони, насочувачки** поднесуваат променливи и флексибилни планови, најчесто задаваат општи насоки, но не отстапуваат од планот целосно. Целата им е да служат на веќе утврден план и цел.

- Според зачестеноста:

- **еднократни** се употребуваат за одредена единствена ситуација; и
- **трајни** тие се со повторливи активности, вклучуваат политика на употребување, правила, процедури и сл[26].

Освен горенаведените поделби на планирањето во информациско-комнукацискиот процес за потребите на безбедносниот сектор, значајно е да се напомене дека е важно да се планира и техничко-технолошкиот аспект на комуникацикиот процес.

---

[24] Riju Dave, The Economic Times, Bennett, Coleman & Co. Ltd, Август 2017, стр.16.
[25] Ристовска Н. Цели на планирањето, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје 2016, стр.6.
[26] Исто, стр.6.

Техниката со која се спроведува комуницирањето треба да е разбирлива одреден дел од учесници во процесот(се мисли на техничка поддршка). Сепак, вработените кои се дел од комуникацијата мора да се запознаени со моделот и неговите конфигурации, процесот на трансмисија на информациите и негово управување.

Потребно е постојано следење и евалуација на техниката низ која се одвива комуникацискиот процес, да се разменуваат идеи и информации, и на тој начин да се регулира степенот на заштита за истите.

## 2.4 Услови на планирање

Условите во кои се одвива планирањето треба да се прилагодени според степенот на важност на обработка на податоците.

Значаен услов на планирање во комуникациите и информациите е планска намена и искористување на сите расположливи човечки и технички ресурси, како и нивна заштита.

Пред се треба да се утврди пристапот на учесниците во комуникацискиот процес.

Бидејки, во безбедносниот сектор препознаваме степени на безбедност со ограничен пристап до информациите, сите учесници кои се дел од планот за учество во одредена задача, треба да поседуваат услов за пристап до информациите кои се предмет на обработка. Исто така, доколку се потребни поголеми ингеренции, и пристап до строго осетливи и доверливи информации во текот на самиот процес, во тој случај, одговорното лице кое ја предводи целокупната организација, треба да делува веднаш и да обезбеди пристап до тие информации за своите вработени, без притоа да се менува текот на работењето, и во ниту еден случај да не се влијае на квалитетот на информациите.

Тоа подразбира дека за непречено одвивање на зададениот план, условите во кои се одвива истиот треба да се јасно дефинирани за сите учесници во процесот.

Во безбедносиот сектор, заштитата на техничкиот дел од еден информациски и компјутерски сектор е од особено значење. Тој треба да се заштити од надворешни и внатрешни влијанија, од можни хакерски (сајбер) напади, а неговото функционирање треба да се врши непрекинато, независно од временските услови или надворешни напади.

Тоа е возможно, само доколку се направи план на инфраструктурата, техничката подговеност, ресурсите со кои располагаат безбедносните сили (армијата, полицијата), и строго се дефинираат условите во кои тие ќе делуваат.

## 2.5 Ефекти на планирање

Процесот на комнуницирањето и информациите својот ефект го прикажуваат преку нивната успешност.

Со планирањето се подобрува ефикасноста на самото работење. Се детектираат слабостите и маните на комуникацискиот процес, истите имаат тенденција да се намалат или да се отстранат од самиот процес, а со самото тоа се зајакнува и стабилизираат информациите кои се дел од тој процес.

Правилно се распоредуваат ресурсите со кои располага една организација или безбедносно тело. Строго се дефинира процесот на работа, со што се намалува и ризикот од неискористени човечки и технички ресурси[27].

Се анализираат слабостите и силните страни на комуникациско-безбедносните сектори во една држава.

Се дефинира работата на секој учесник во комуникацискиот процес, со што се прави и анализа на подготвеност на вработените кои се дел од некоја организација, служба или сектор.

Главниот ефект кој би можел да се истакне во процесот на планирањето е сепак

[27] Софијанова Еленица, Факултет за економија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип 2018, стр.13.

безбедноста.

Пред се безбедноста на самите вработени кои се дел од процесот, внатрешната и надворешната безбедност на организацијата каде се врши процесот на комуникација, и значењето на добиените информации врз безбедноста во зедницата, државата, па и пошироко.

Планирањето како процес, е значајно за правилно одвивање и безбедноста на комуникацијата во една држава. Поради тоа, од целиот процес на планирање значајно е да се наведат и ефектите од планирањето.

Главните ефекти на планирањето во комуникациskиот процес се следни:

- Определување на точно прецизиран тек на информацијата;
- Безбедност на информациите;
- Безбедност на сите учесници во комуникацискиот процес;
- Точно и навремено сигнализирање за секое неовластено прибирање на информации;
- Веродостојност и проверка на информациите;
- Детекција од надворешни влијанија и нивно отстранување;
- Ефикасна распределба на финансиите за целите на комуникацискиот процес; и
- Распределба на човечкиот потенцијал во организацијата и негово правилно менаџирање[28].

Доколку е спроведен процесот на планирање, организацијата во која се делува се заштитува од импровизација и неодговорност. Точно и прецизно се определуваат работните задачи на секој вработен.

[28] Извор: httsp://simplicable.som/new/communication-planning, посетено на 23.9.2019 год.

# ГЛАВА 3 – КОМУНИЦУРАЊЕТО ВО ФУНКЦИЈА НА ЕФИКАСНО ПЛАНИРАЊЕ

## 3.1 Општо значење на поимот комуникација

Во историјата на комуниколошката наука постојат основни сознанија за настанокот на комуницирањето и комуникацијата, но главно, тие се однесуваат на претпоставки. За ова прашање се верува дека луѓето започнале да ја совладуваат комуникацијата во нивната просторна, и пред се временска димензија[29].

Човекот не може, а да не комуницира. Тоа е природен процец. Науката сеуште не одговорила на прашањето кога човекот почнал да владее со комуникацијата.

Ланецот на комуникацијата како наука започнува од пишуваните знаци, невербалната, па потоа вербална комуникација, развојот на писмото, па се до масовниот вид на комуницирање. Комуникацијата е елементарна човекова активност кон надворешниот свет, но и кон внатрешното човеково битие. Комуникацијата е стара колку што е старо човечкото општество. Таа се развивала низ историјата, во неопходен начин на организирање на човечкиот живот и општествениот поредок. Човекот и општеството се субјект и објект на комуникацијата. Комуникацијата претставува неопходна претпоставка за егзистенција на социјалниот општествен систем.

Нашата способност да комуницираме и облиците во кои го правиме тоа, често, се сфаќаат како нешто сосема природно, дадено само по себе и разбирливо. Затоа комуницирањето го сфаќаме како базичен социјален процес. Комуникацијата е од особено значење за човекот и општеството, бидејќи без комуникација не може да се егзистира ниту човекот како социјално битие, ниту пак општеството како човечка заедница. Во комуниколошката литература постојат голем број на дефиниции за поимот комуникација.

---

[29] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.42.

Комуникологијата е интердисциплинарна наука која своите корени ги има во некои други науки и вештини како што се: беседништво, реториката, граматиката, филозофијата, психологијата, лингвистиката, информатиката, социологијата и други[30].

Комуникацијата е основниот поим од кој се поаѓа при изучувањето на комуникологијата. Во контекст на ова, комуникацијата претставува перманентен процес на испраќање и примање информации, со една основна цел – размена на идеи. Комуникацијата опфаќа симболи и средства кои се пренесуваат во просторот и нивно соочување со времето[31].

Во литературата поимот комуникација се дефинира како (анг. Communication), секоја онаа порака која е предмет на реципрочна размена на информативни содржини помеѓу рамноправни субјекти на комуникацискиот чин и којашто во процесот на размената помеѓу комуникаторот и реципиентот е изложена на можностите на дијалошка разработка, а тоа значи и на можностите не критичката негација на ново стекнатото сознание што е содржано во неа[32].

Комуникацијата (лат. communication) значи не само соопштение туку и учество, заедништво. Под поимот комуникација подразбираме предавање, преработка и прием на сигнали на живи битија, пред сè човекот. Особена улога во тоа имаат јазичните комуникациски односи, размената на информациите помеѓу луѓето со помош на акустичките и оптичките знаци. Размената на информациите односно комуникациите се врши во различни животни ситуации за стекнување на нови сознанија и пренесување на знаење, образување на свеста и за влијание на меѓусебното однесување на луѓето.

Според теоријата на SOR - stimulus - responso - одговор се смета дека нема комуницирање доколку кај примачот на пораката не дошло до соодветен одговор (ефект)[33].

Според Браун „*Комуникацијата е пренос на информации од едно на друго лице, без разлика дали предизвикува или не предизвикува доверба. Но*

[30] Исто, стр.44
[31] Јанкуловска П, Комуникациски вештини, интерна скрипта, Скопје 2000, стр.4
[32] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр. 41.
[33] Димовска Б. Комуникациите како алатка за менаџирање во образовните институции,Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2012, стр.22

*информациите кои се пренесени мора да бидат разбирливи за приемникот*"[34].

Додека пак , според Мауер „*Комуникацијата е однос по зборови, букви или пораки*"[35].

Друг речник изјавува дека комуникација е давање, примање или размена на идеи, информации, сигнали или пораки преку соодветни медиуми (приматели) овозможувајќи им на поединци или групи да ги убеди, да бараат информации, за да им даде информации или да ги изразат своите емоции. Оваа широка дефиниција го вклучува телото, јазикот, вештините на зборување и пишување. Тоа дава преглед на целите на комуникација. Тука се нагласува дека слушањето е важен аспект на комуникација. Комуникација е сето ова и многу повеќе[36].

Во литературата има бројни дефиниции за комуникацијата како поим.

Според Џулија Вуд комуникацијата е процес на споделување на значењето. Значењето е во срцето на процесот на комуникацијата. Комуникацијата е систематски процес во кој поединците комуницираат со и преку симболите за да создадат и толкуваат значење. Систематски значи дека се состои од меѓусебно зависни варијабли. Комуникацијата е процес затоа што во него има тек, динамика и постојано се менува[37].

Никлас Гок ги спојува поимот и видот на комуникацијата во една дефиниција.

*Комуникацијата е комбинирана уметност и наука за пренесување вербални или невербални информации од една страна до друга, со примарна цел да му се открие на примателот, или прецизно или нејасно, идеа или изјава што комуникаторот има намера да ја пренесе*[38].

---

[34] G.G. Brown, Role of Professional Communication in Today's World of Business and Commerce, Journal of Research in Humanities and Social Science,2014, стр. 72.

[35]FredG.Meyer,извор:https://architecture.uonbi.ac.ke/sites/default/files/cae/builtenviron/architecture/INTRODUCTION%20TO%20COMMUNICATION%20-%20NOTES.pdf посетена на 10.05.2019 год.

[36] Серафимова М. Личната комуникациска ефикасност на менаџерот: современи менаџерски практики, Штип : 2-ри Август, 2016. стр. 100.

[37] Wood, J. T. Gendered media: The influence of media on views of gender. Gendered lives: Communication, gender and culture, 1994, стр.231-244.

[38] Wood Nicholas M.A Radio/TV Production & Communication, University of Hyderabad 2016, стр.41.

Англискиот лексикон поимот комуникација го дефинира како "*процес со кој се испраќаат пораки или информации од едно место или личност до друго, или самата порака*"[39].

Оваа дефиниција е општо прифатена помеѓу специјалистите кои се занимаваат со комуникологијата како наука, на Кемриџ универзитетот, и истата служи како начело за понатамошна анализа и разработка.

Покрај општо прифатените дефиниции, некои од специјалистите за комуникација, истата ја дефинираат според одредени поделби.

Според Франк Данс комуникацијата може да се издвојува според:

- Намера;
- Моќ;
- Заедништвото;
- Поврзување, спојување;
- Време, ситуација;
- Процес;
- Интеракција (однос);
- Реплицирање на меморија;
- Симболи (вербален говор);
- Разбирање;
- Смалување на неизвесност;
- Трансфер и меѓу размена;
- Канал (носител), средство (пат);
- Дискриминативен одговор;
- Стимуланси[40].

[39] Dictionary Cambridge, Cambridge University Press,2019, стр. 245.
[40] Frank Dance, Human Communication Theory, Harpercollins College Div, 1982 стр.67.

Данскиот експерт за деловна комуникација Пети Мулдер комуникациите ги дели во седум категории:

1. Комплетираност;
2. Конкретност;
3. Учтивост;
4. Коректност;
5. Јасност;
6. Концизност; и
7. Кредибилитет[41].

Без оглед на тоа како го одредуваме поимот комуникација, таа во својата основа е составена од комуникатор, порака, код, трансмисија (канал) и примач. Сите тие и покрај своите разлики инсистираат на тоа дека комуникацијата е, пред сè, процес.

## 3.2 Видови комуникација

Голем број на автори при објаснувањето на поимот комуникации ги потенцираат и различните типови на комуникација. Постојат повеќе видови на комуникација меѓу луѓето. Според различни критериуми, комуникацијата меѓу луѓето може да биде: комуникација која е заснована на сигнали и комуникација која ги користи симболите.

- Сигнална комуникација - Таа е заснована на пара лингвистички знаци, на гласовните одлики што го следат говорот, како што се ритамот и интонацијата на говорот и сл.
- Симболичката комуникација - е заснована на знаковните носители на значењето и нивната комбинација. Симболичката комуникација може да биде симболичка арбитрарна и симболичка иконичка комуникација[42].

Втората важна поделба на комуникацијата е поделбата на вербална и невербална комуникација.

[41] Извор:https://www.toolshero.com/author/patty-mulder/, посетено на 25.09.2019 год.
[42] Манева Ирена, Радиото како медиум за комуницирање во основното училиште, Универзитет Гоце Делчев , Штип, 2012 год, стр.21.

Вербалната комуникација е комуникација со зборови без оглед на начинот на пренесување на вербалните пораки, усно или со помош на друг медиум. Вербалната комуникација е под контрола на свеста и е поадекватна кога се говори за објекти или други луѓе. Со неа се изнесуваат идеи, таа е во функција на информатор. Преку неа течат информации настани и случувања, состојби, предмети, емоции, ставови, вредности, односно информира за објективното и субјективното. Постојат три функции на вербалната комуникација.

1) Првата функција се однесува на информирање на настаните, состојбите и предметите во објективна стварност;
2) Втората функција се однесува на информирање на емоции, ставови и вредности на субјектите; и
3) Третата функција за изнесување на идеи[43].

Невербалната комуникација може да биде целосно различна и одвоена од говорот. Невербалната комуникација е средство за изразување емоции и внатрешно расположение, заемни интерперсонални ставови, презентер на сопствените особини (особини на личноста). Невербалната комуникација е начин на конвенционално изразување. Таа не само што ја следи, поддржува и дополнува вербалната комуникација, туку може да ја замени. Во тој контекст сосема со право можеме да кажеме дека разговорот може да заврши, но не може да се прекине невербалната комуникација. Имено, не вербалните пораки го менуваат или потврдуваат значењето на искажаната содржина; ја обликуваат искажаната порака; ги заменуваат, дополнуваат и прошируваат содржините кои потешко вербално се изразуваат; ги вреднуваат искажаните содржини и упатуваат на постапност со нив.

Вербалната и невербалната комуникација не можат да се одвојат, туку да се проучуваат на нивната дијалектичка поврзаност. Вербалната комуникација е симболичка, а невербалната е сигнална комуникација.

Трета важна поделба на комуникацијата е според тоа дали служи со гласови односно посебни знаци за гласови или не служи. Според тоа разликуваме гласовна и не гласовна комуникација.

---

[43] Марија Влашчева, Ефективна организациска комуникација, Универзитет Гоце Делчев ,Штип, 2011 год., стр.11.

Друг критериум според кој може да се разликува комуникацијата е дали таа се остварува со користење на некои технички средства, звучници или радио приемници, овој вид на комуникација го нарекуваме посредна и непосредна комуникација[44].




Слика 1: Основен модел на процесот на комуникација[45]

Според квантитетот односно опсегот на комуникацискиот процес разликуваме четири категории на комуникација.

Интраперсонална комуникација е комуникација која субјектот ја има со себе. Таа е „разговор со себеси“. Овде нема интеракција меѓу две личности, туку „моноакција“. Акцијата почнува од индивидуата, се одвива во неа и во неа завршува. Всушност, станува збор за преиспитување, односно интроспекција на сопственото однесување, способности и ставови со што тесно се поврзува со само вреднувањето. Интерперсонална комуникација е комуникација помеѓу најмалку двајца во услови на физичка блискост, со можност да се користат сите човекови сетила. Интерперсоналната комуникација е непосредна, директна комуникација меѓу две или повеќе личности, лице в лице или со посредство на некој аперсонален медиум. Во интерперсоналната комуникација, една личност презентира содржини на друга личност со цел да влијае на

[44] Томе Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.95.
[45] Институт за комуникациски студии, Потреба и важност од ефективна комуникација, Скопје 2015.

нејзиното однесување и ставови, со што се обезбедуваат услови за интеракција. Во интерперсоналната комуникација постојат можности за користење на сите сетила и се обезбедува присуство на непосредно повратно влијание, со што станува основен инструмент за развој на сопствениот идентитет и целокупниот развој на личноста.

Групно комуницирање каде што луѓето се здружуваат во групи од две основни причини. Првите се однесуваат на остварување на заеднички цели и совладување на тешкотиите, а другите се однесуваат на чувството на припадност и сигурност што ги обезбедува припаѓањето на групата. Групите можат да бидат формални и неформални, мали и големи, локални или интернационални. Во однос на карактерот на функциите на групата можеме да разликуваме три типа на групи.

1) Првата се фамилијарните групи коишто обезбедуваат физичка и емоционална сигурност во кругот на семејството.
2) Втората се неформалните пријателски групи. Атмосферата на слободното комуницирање со други лица се создава во пријателските групи што ги карактеризира здружување меѓу еднаквите.
3) Третата група се формалните организирани групи. Во нив спаѓаат училишните и универзитетските групи, професионалните и спортски организации, разните црковни здруженија, клубовите на младите и др[46].

Масовната комуникација е насочена кон релативно широка, хетерогена и анонимна публика. Во неа пораките се пренесуваат јавно и според карактерот се краткотрајни и еднодневни. Според природата на медиумот, комуникацијата може да биде персонална и аперсонална комуникација.

- Персоналната комуникација е комуникација меѓу две или повеќе индивидуи без посредство на технички средства. Персоналната комуникација е лична, затоа што во основата на атрибутот е зборот персона (лат. persona-ae, личност) што значи лице, личност.
- Аперсоналната комуникација се одвива со помош на технички средства кои се посредници на комуникацискиот акт. Во споредба со

[46] Манева Ирена, Радиото како медиум за комуницирање во основното училиште, Универзитет Гоце Делчев , Штип, 2012 год., стр.22.

персоналната, аперсоналната комуникација не е емоционално богата и не може а се приспособи на моменталната ситуација[47].

Секој акт на масовното комуницирање може да биде поделен на пет елементи. Комуникатори што пренесуваат одредена порака преку канал на одредена публика со некој вид ефект.

Масовното комуницирање ги содржи следниве основни карактеристики:

- Тоа е насочено на релативно широка, хетерогена и анонимна публика.
- Пораките се пренесуваат јавно, често пати се темпирани да достигнат најголем дел на публиката, истовремено.
- Комуникаторот обично е претставен во комплексна организација што секогаш бара значајни финансиски средства.
- Станува збор за формални канали што се дефинирале во масовните медиуми[48].

Официјално кажано, масовната комуникација се одвива на ист начин како и меѓу човечката комуникација, додека во суштина е процес во кој тие се разликуваат на многу начини. Според Мек Квејл, масовните комуникации, пред сѐ, бараат комплексни формални организации за нивното функционирање, наспроти неформална и неструктурирана интерперсонална комуникација. Потоа, масовната публика е голема во обем и хетерогена по композиција (потекнува од различно социјални слоеви, припаѓа на различни култури и е со различна професија). Врската меѓу публиката и комуникаторот е безлична и, конечно, составот на публиката постојано се менува, со што недостасува лидерство или чувство за идентитет[49].

## 3.3 Потребата од комуницирање

Потребата да се комуницира е својствен дел на секој човек. Таа потреба е длабоко вкоренета во биолошко-социјалниот аспект на секоја единка. Со текот на годините и развојот на технологијата потребата за комуникација е се повеќе изразена, до тој степен што дури се користат прогресивни мерки за нејзино намалување доколку

[47] Исто, стр.22.
[48] Манева Ирена, Радиото како медиум за комуницирање во основното училиште, Универзитет Гоце Делчев , Штип, 2012 год, стр.24-25.
[49] Mek Kvejl, Uvod u sociologiju masovnih komunikacija. Beograd: Glas 1976, стр.15-19.

во комуникацискиот процес е вметнато и трето или повеќе лица кои се физички надвор од примарното место во кое се врши одреден вид на комуникација. Тоа подразбира забрана за користење на мобилни телефони додека се управува со моторно возило, додека сте на лекарски преглед, на шалтер во банка или некоја институција, на час итн.

Денес со усовршување на процесот на работа, во било кој сегмент од човековото живеење, неопходно е да се воспостави квалитетно и продуктивно комуницирање. Само на тој начин може да се смета дека е постигната целта на комуницирањето и квалитетот кој се бара од самиот процес на комуникација.

Во секоја работна единица, за ефикасно работење и навремено извршување на работните задачи, исклучително важна е потребата од правилно комуницирање.

Секако тоа важи и за безбедносниот сектор. Невозможно е да се замисли работата на безбедносниот сектор без комуницирање.

Потребата од успешно комуницирање се состои во:

- ✓ Воспоставување и спроведување на целите;
- ✓ Развојот на планови за нивно остварување;
- ✓ Организирање на човечки и други ресурси на најефикасен и ефикасен начин;
- ✓ Селекција, развој и евалуација на членови на организацијата (полиција, војска);
- ✓ Мотивирање и создавање клима во која луѓето сакаат да придонесат;
- ✓ Контрола на перформанси.

Потребата од комуницирање во денешно време значи и потреба до подетален пристап на нештата (информациите) и нивна навремена употреба[50].

Доколку во било кој сегмент на комуникацискиот процес и обработката на информациите во него, не пронајдеме важност или итност за нивна обработка, тогаш воопшто не ја ни имате потребата за комуницирање. Во тој случај залудно се трошат сите расположливи средства кои во моментот ни се на располагање.

Потребата за комуницирање треба да произлезе од итноста на работата или процесот кој е предмет на обработка. Активноста за делување произлегува од потребата. Само на тој начин имаме причина за комуникација.

[50] Извор:http://www.jpacademy.gov.mk/upload/materijali%202017/Komunikaciski%20vestini%20-%20P.%20Jankulovska%207%204%20n1.pdf посетено на 06.06.2019 год.

### 3.3.1 Предуслови за комуницирање

За да се воспостави добра комуникациска врска, пред се треба да постојат одредени услови во кои ќе се развива самата техника на комуницирање. Нај основен предуслов е да нема пречки во комуникацискиот процес. Во било која форма на комуникација (вербална, невербална, формална, неформална итн.) може да се појават пречки во комуницирањето. Како основни елементи кои придонесуваат во ограничувањето во комуникацијата пречки на каналот на комуницирањето и семантички пречки.

- Пречки на каналот на комуницирањето можат да се предизвикаат од околината во која се одвива комуникацискиот процес. Тоа можат да бидат одредени шумови, галама, неартикулирани звуци, па се до застојот може да се јави од техничко-технолошките помагала.
- Семантички пречки се јават како резултат од недоволна информираност на една од страните која е дел во комуникацискиот процес. Недоволно разбирање на јазикот кој се користи при комуникацијата, различно толкување, кодирање и декодирање на пораката која е предмет на комуникација од двете страни[51].

Токму поради овие карактеристики од голема важност е да се има разработена комуникациска мрежа и посебно развиена вештина на комуницирање. Тоа се двата главни столба доколку сакаме да има успех во комуникацијата. Од големо значење се овие предуслови посебно за одредени групи во кои има ограничена комуникациска мрежа како што се полицијата, војската, министерствата и останати установи кои се од јавен карактер.

## 3.4 Потребата од комуникациите во безбедносниот сектор

Градењето и одржувањето на довербата кај јавноста е еден од клучните предуслови за успешно дејствување на органите за безбедност.

[51] Влашчева М, Ефективна организациска комуникација, Универзитет Гоце Делчев, Штип 2011, стр.12.

За да се постигне ефективна комуникација со јавноста, неопходно е јасно дефинирање на целите на комуникацијата, потребите на целните групи и пораките кои ќе им се упатат, активностите што ќе се применат во самата комуникација, како во самата институција така и надвор од неа. Довербата на јавноста во работата на органите за безбедност (полиција, војска, разузнавачки служби) зависат од перцепцијата на граѓаните за степенот на кој државата ги штити нивните интереси. Тоа е особено важно и во услови на криза, кога очекувањата на јавноста се поголеми, а околностите во кои што се дејствува се тензични и бараат ефективен и објективен одговор од страна на институциите[52].

Од сите органи за безбедност, Министерството за внатрешни работи, најмногу комуницира со јавноста. Односно, перцепцијата на граѓаните за степенот на кој МВР ги штити нивните интереси произлегува од работењето на полицијата[53].

Комуникациите во војската се поинакви од оние на полицијата.

Комуникациите и комуникациските вештини со кои се стекнуваат војниците и припадниците на армијата, во поновата историја се реализираат преку разновидни обуки и тренинзи, кои најчесто ги спроведуваат странски предавачи (НАТО, ЕУ), преку мобилни тренинг тимови.

Последен таков тренинг за Македонската војска, беше спроведен во периодот од 25.03 до 28.03.2019 година во Домот Армијата се одржа обука за Комуникациски и информациски системи (КИС) со НАТО мобилен тренинг тим (МТТ). На обуката учествуваат офицери од родот врски од командите и единиците на Армијата.

Тренинг тимот од НАТО презентираше способности, планирање, искуства, научени лекции и иден развој на КИС во НАТО. Главен дел на обуката беше организација и функционирање на КИС во НАТО, при распоредување на команди и единици во мировни мисии и операции.

Исто така, се разменија и искуства во делот на информациската безбедност и сајбер одбраната во НАТО, преку дефинирање на сајбер заканите со анализа на ризик и дефинирање на потребата за сајбер одбрана[54].

[52] Сорос Џорџ: "Балонот на американската надмоќност", Евро Балкан пресс, Скопје 2007, стр.15-18.
[53] Упатство за кризна комуникација, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2016 год., стр.18.

Потребата за непречено комуницирање во безбедносните сектори е особено важна за регулирање на безбедноста на државата, бидејќи на тој начин се детектираат одредени закани или делувања врз безбедноста, и само со непречена и ефективна комуникација може истите навремено да се детектираат и отстранат.

Информациите и комуникациите преку кои безбедносните служби комуницираат со граѓаните е уредена преку начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[55].

### 3.4.1 Значењето на комуникациите и комуницирањето во безбедносниот сектор

Независно во каков вид (сигнална, вербална, интерперсонална групна, итн.) се јавува комуникацијата, нејзиното значење е секогаш важно за работењето на безбедносниот сектор. Под претпоставка да нема соодветна координација на комуникацискиот процес помеѓу безбедносните сектори, значењето на комуникациите би се намалиле или би биле целосно неупотребливи.

Доколку има прекин во комуницирањето од било која причина (човечки, технички, временски фактор), значењето на добиената информација се намалува. Тогаш целокупниот комуникациски процес е контаминиран, и го губи своето својство. Тоа подразбира дека комуникациската врска не е целосно безбедна, и информациите кои произлегуваат од истата, не можат да се користат за понатамошни дејствија.

Преку каналите за комуникација во безбедносниот сектор се обработуваат информации од доверлив карактер, со што значењето на комуникациите кои се предмет на обработка имаат посебен степен на важност и значење за безбедноста на државата.

Поради природата на полицијата, војската, службите за разузнавање и нивото дејствување се спроведува според високот стандард на заштита и доверливост, а во некои случаеви и на тајност.

Во таков случај тие треба да се регулирани со посебни сигурносни протоколи за да се обезбедени навремено и непречено одвивање на комуникацискиот процес. Без

---

[54] Извор: http://www.arm.mil.mk/generalshtab-na-arm/obuka-i-razmena-na-iskustva-od-domenot-na-komunikaciski-i-informaciski-sistemi-so-nato-mobilen-trening-tim/, посетено на 02.04.2019 год.

[55] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 13/2006.

регулирање на овој процес би настанал хаос во самите институции. Значењето на комуницирањето претставува утврдување и регулирање на информациите кои се предмет на обработка од национален како и од меѓународен карактер.

Комуникациите во безбедносниот сектор се прецизно утврдени со закони, акти, подзаконски акти и правилници. Секој комуникациски процес кој излегува надвор од законската рамка, или акт, на институциите за безбедност подлежи на строги казни за учесниците кои се дел од комуникацискиот процес. Самиот акт на законска казна ја потврдува големината (значењето) на комуникациите и комуницирањето.

# ГЛАВА 4 - ИНФОРМАЦИИТЕ И ИНФОРМИРАЊЕТО

## 4.1 Општо значење на поимот информација

Значењето на самиот збор информација, потекнува од латинскиот збор (*informatio*), со што оваа именка потекнува од глаголот informare (да се информира) во смисла „да му се даде форма на умот“, „да се дисциплинира“, „да се проучува, или „предава“.

Самата информација доаѓа од латинскиот глагол informare, што значи да се даде форма, или да се формира идеја за нешто. Тоа е општо етмолошко значење на самиот збор[56].

Сепак информацијата како процес во себе содржи повеќе поделби и дефиниции во зависност од својата терминологија, примена, состав, вид, значење и трансфер на истата. Во светот не постои општо прифатена дефиниција за поимот информација, бидејќи се користи различно, во различен контекст, и има различна примена.

Културната еволуција на човековиот вид е единствена која може да го дефинира и да го обработи процесот на информацијата. Поимот информација е различен во зависност кој ја дава информацијата. Дефинирањето е секогаш различно и уникатно, дури и кога станува збор за иста професија. Пример, доколку некој е биолог, дава различна дефиниција за поимот информација, од некој кој по професија е математичар. Во уметноста доколку ја週 земеме како генерална професија, исто така добиваме различна дефиниција. Ликовниот уметник ја дефинира различно, од музичкиот уметник, итн. Примањето на нова форма и облик на соопштување на нештото (апстрактно или реално) може да претставува информација[57].

Иако, нема теоретско објаснување за поимот информација, со сигурност знаеме дека таа е насекаде околу нас. Ја чувствуваме, ја гледаме, ја допираме, ја соопштуваме, ја примаме како средство кое не дотогаш не сме го виделе или не сме го знаеле дека е таму или дека воопшто постои. Преку разни видови на канали, средства за

[56] Смилевски Веле: "Новинарски лексикон", Матица Македонска, Скопје, 2001, стр.65.
[57] Извор: https://www.sciencedaily.com/terms/evolution.htm

комуникација, информацијата стигнува до нас. Во денешно време информацијата е повеќе од секогаш присутна во нашите животи. До нас стигнуваат информации кои се намерни и ненамерни. Технологијата која секојдневно се усовршува не принудува на некој начин да сме изложени на поголем степен на информираност – со наша или без наша согласност[58].

Како пример: Дури и кога пешачиме низ празна улица ние добиваме некаква информација - постер на кој пишува некоја информација, звучен или светлосен сигнал кој доаѓа од некој агол, до слушнување на туѓ разговор сето тоа се информации на кои сме изложени, не по наша волја или во краен случај без наша согласност и барање.

Доколку пак низ таа иста улица сакаме веќе да дојдеме до некоја информација, ќе се сконцентрираме и на најмалиот детаљ кој може да ни даде огромен број на информации. Ќе забележиме колкав метеж има на улицата во прецизно определено вре (час), дали по неа се движат моторни возила, дали има сообраќајни знаци, дали има поголема раздвиженост од луѓе, ќе го забележиме секој натпис, лого и леток кој се наоѓа на таа улица. Потоа ќе забележиме ако од некоја страна доаѓа музика или некаква бучава во тоа време. Ќе ја анализираме архитектурата на тој дел од населеното место, итн. Сето тоа се информации кои можеме да ги добиеме намерно или ненамерно, во зависност од нашата сопствена волја.

Со помош на напредната технологија и кибернетиката, која секојдневно се усовршува информациите го земаат свој замав. Тука веќе може да се говори за безбедноста на информациите со системот на јавното информирање кои го сочинуваат:

- Субјектите кои комуницираат;
- Средствата со помош на кои комуницираат;
- Условите во кои комуницираат[59].

Информацијата е знаење изразено во сигнали, пораки, вести, известувања и сл. Секоја личност во светот е опкружена со информации од различни видови. Информацијата зависи која е нејзината форма и во кој облик се прима[60].

[58] Rebecca Herold, Managing an Information Security and Privacy Awareness and Training Program, Press, Inc. Boca Raton,2010, стр.16-17.

[59] Манева Ирена, Радиото како медиум за комуницирање во основното училиште, Универзитет Гоце Делчев , Штип, 2012 год, стр.16.

Сепак, ова се дел од општо прифатени дефиниции за информацијата.

- Информацијата е акт од говорно или спознајно значење.
- Информацијата е факт кој е комуницирaн или научен (спознен).
- Информацијата е процес кој е научен за да има некоја корист.
- Информацијата е знаење кое е добиено од некоја страна.
- Информацијата претставува крвоток на животот во XXI век.
- Информацијата е моќ[61].

Информацијата, во нејзината општа смисла е „*Знаење комуницирано или добиено во врска со одреден факт или околност*“[62].

Според Марион Келт , од универзитетот во Глазгов „Информациите се знаење за одреден предмет, проблем, настан или процес, и истите можат да се добијат од различни извори“[63].

Друг пример на дефиниција за информацијата во строго лингвистички термин, се објаснува и во Англиско-Шпански речник Миријам Вебстер. Според авторите на речникот „*Информацијата е комуникација или прием на знаење преку интелигенција*“[64].

Доколку ги разгледаме внимателно сите овие дефиниции за поимот информација, ќе дојдеме до сознание дека секоја од нив, има посебно значење и се јавува во различна форма на изразување. Информацијата е дефинирана според нејзината содржина и контекст.

Според Тери Иглтон дефиницијата за информации е „вест или знаење добиено или дадено. Пример за информации е она што е дадено на некој што бара позадина за нешто“[65].

---

60 ANDERSON JANNA, Pew Research Center, Media Inquiries Washington, 2018 год, стр.45-46.
61 Урсул А.Д.: Што е информација, во весник Москово универзитета, Сериа информатика, бр.2.1971, стр.158-160.
62 Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.31.
63 Marion Kelt ,Smile by Imperial College, Glasgow Caledonian University, 2018, стр.86.
64 Merriam-Webster, Merriam-Webster Collegiate Dictionary, Springfield 2019, стр.124.
65 Игтон Тери: "Идеологија", Темплум , Скопје, 2005, стр.43.

## 4.2 Потребата за информирање

Потребата за информирање произлегува од потребата за точна и навремена информација. Информирањето се јавува во сите сфери на човековото дејствување. Од психолошко-социјален аспект човекот не може, а да не комуницира.

Преку пишаните медиуми, па се до радиото, телевизијата, со развојот на новата технологија, интернетот, спин групите, мас медиумите, и достапноста на информациите насекаде, светот доживува експанзија од информации. Информацијата како поим и потреба е присутна околу нас, и е подостапна од кога било.

Кога луѓето се преоптоварени со количеството информациите што им се нудат, тешко се одредува на што да се насочат. Вниманието, а не информациите, стануваат редок ресурс. Меката моќ на привлекување станува уште поважен ресурс отколку што беше во минатото, но исто така и жестоката моќ на информациската војна. Со тоа што угледот станува сè поважен, растат и борбите за создавање и за рушење на кредибилитетот[66].

Со самото тоа, не запира и мотивот за информирање, туку напротив се зголемува желбата и потрагата за поголема информираност.

Од безбедносен аспект потребата за информирање е особено важна, со цел да се обезбедат навремени, точни и проверени информации, а истите и безбедно да се пренесуваат од испраќачот до примателот. Само на тој начин би имале сигурност во безбедносниот сектор.

Собирањето, креирањето, складирањето и користењето на информацијата претставува основа за раст и развој на интелигентните организации. Управувањето со информации од осетлива природа, претставува скап процес, кој ја поддржува активноста на организацијата во којашто се обработени и презентирани информациите[67].

---

[66] Џозеф Нај, Нова Македонија,05.07.2018 год.
[67] Lic.E. Kultura I komunikacija XX vek, Beograd, 2002 год., стр.42.

Идентификувањето на информациите и нивните потреби, не само што ги вклучуваат темите од интерес за безбедноста на една држава, туку и атрибутите кои секоја информација треба да ги поседува за да биде обезбедена нејзината вредност и корист од истата.

## 4.3 Значењето на информациите

Информациите се особено важни во процесот на работењето на секоја организација. Тие пред се треба да бидат, навремени, проверени и предадени во временски период во кој се предвидени да се толкуваат.

Информациите не можат да се предвидат и ја решаваат неизвесноста. Неизвесноста на една безбедност се мери со неговата веројатност за појава и е обратно пропорционална на тоа. Колку е понеизвесна безбедноста, толку повеќе се потребни информации за да се реши неизвесноста за таа безбедност.

Секоја организација или бизнис може да бидат успешни само кога постои конзистентно управување со организациски и финансиски податоци со ефикасни информациски системи. Повеќето од компаниите забележале напредок во процесот на работниот тек заради точноста и сигурноста. Нема алтернативен начин за добивање на вистинските информации. Потребата од иновации и развој на системите што можат да се спроведат за да се направат точни информации, кои може брзо да пристапат по барање, се повеќе зема замав во денешно време[68].

За многу организации, информациите се особено значајни, затоа нивната заштитата е клучна.

Безбедноста на информациите во безбедносните сектори е „практика на спречување неовластен пристап, употреба, откривање, нарушување, модификација, инспекција, снимање или уништување на информациите“. Информациите можат да имаат многу форми, како што се електронски и физички[69].

[68] Извор: https://one.comodo.com/blog/msp/why-business-information-systems-are-important.php, посетено на 20.9.2019 год.
[69] https://securityboulevard.com/2019/03/the-importance-of-information-security/, посетено на 04.09.2019 год.

Според одредени аналитичари на информациската безбедност, безбедноста на информацијата изведува четири важни улоги:

1. Ја штити можноста за функционирање на организацијата.
2. Овозможува безбедно функционирање на апликациите спроведени на ИТ системите на организацијата.
3. Ги штити податоците што организацијата ги собира и користи.
4. Заштита на технологијата што ја користи организацијата[70].

Како што нагласив и претходно, секоја информација која ќе биде толкувана и пренесена подоцна од предвиденото, би се сметала за целосно погрешна и непотребна. Би ја изгубила својата примарна цел и би била целосно неупотреблива. Токму поради тие причини информацијата е особено важна за правилна работа на безбедносниот сектор во државата. Информациите се важни, бидејќи го сочинуваат изворот на податоци со кои треба да работи една организација, сектор или еден тим. Тие се есенцијален дел од комуникацискиот процес, и доколку сакаме да реализираме некоја задача, информациите се тие преку кои се остварува истата. Без информации нема комуникација.

Безбедносниот сектор на една држава делува во меѓусебно поврзани околини, со што информациите се изложени на поголем број и поширок спектар на ризици. Заканите како што се малициозен код, компјутерски хакери и напади од негирање на услуги стануваат почести, амбициозни и софистицирани, со што го прави имплементирањето, одржувањето и ажурирањето на безбедноста на информациите во еден безбедносен сектор уште поголем предизвик[71].

---

[70] Gronlund Ake and Horan Thomas A., ‘Introducing e-GOV: History, Definitions, and Issues’, Communications of the Association for Information Systems, Volume 15, 2004, p.625.

[71] Извор: https://www.hackerone.com/start-hacking, посетена на 01.09.2019 год.

## 4.4 Видови на информации

Структурата на самата информација се состои од повеќе делови.

Од аспект на комуникациската наука, најважните се следните општи квалитативни својства за секоја информација: објективност, сигурност, комплетност, точност, релевантност, корисност (вредност), навременост, јасност, пристапност, краткост итн. Ќе ги објаснам дел од нив:

- Доверливост на информациите - Информацијата е сигурна доколку ја одразува вистинската состојба на работите.
- Комплетност на информациите - Информацијата може да се нарече комплетна, доколку е доволна за разбирање и донесување одлуки.
- Точноста на информациите се определува од степенот на неговата близина до реалната состојба на предметот, процесот, феноменот итн.
- Релевантноста на информациите - важноста за сегашното време, актуелноста, итноста. Само во времето добиени информации може да бидат корисни.
- Корисност (вредност) на информациите - Корисноста може да се процени во однос на потребите на нејзините специфични потрошувачи и се оценува според задачите кои можат да се решат со негова помош[72].

Горенаведените својства на самата информација како поим, се главни компоненти за квалитетот на истата.

Сепак во поширокaта литературата информациите се подели на неколку видови:

1. Основно ниво – достапна информација за сите.
2. Средно ниво и – делумно осетлива информација, достапна само за одредени канали и приматели.
3. Високо ниво – информација која бара посебен третман на дистрибуција и истата е достапна само за мал круг на приматели[73].

---

[72] Институт за комуникациски студии, Потреба и важност од ефективна комуникација, Скопје 2015, стр.7.
[73] Umberto Eko – Kultura, informacija, komunikacija, NOLIT, Beograd, 1973, str.63-64.

Сепак, ова е само една општа генерализација. Доколку одиме на подетална анализа на видовите на информации и нивната класификација, тие се следни:

1. **Јавна информација** нема ограничување во нејзината тек, објава, поставување на јавни веб-страници или емитување. Информациите можат да се разменуваат само преку почитување на правата за заштита на интелектуалната сопственост.

2. **Делумно достапна информацијата** истата може да се споделува со други организации, при информациска размена со индивидуи и експерти во областа на информациската безбедност, но не смее да се објавува јавно и поставува на јавна веб-страница.
3. **Информацијата која има определено ограничено откривање** и е наменета само за членовите на информациската размена: членови на организации или конституенти (директно вработени лица, консултанти, или други ангажирани работници) кои го исполнуваат условот „ПОТРЕБНО Е ДА ЗНАЕ“ со цел да можат да постапат по информацијата.
4. **Строго доверлива информација што не се открива и е ограничена само на претставници на учесниците во размената на информацијата.** Претставниците не смеат да ја споделуваат информацијата надвор од учесниците на размената на оваа информација[74].

Некои фактори кои влијаат врз класифицирањето на информациите се вредноста која ја има информациите за организацијата, колку долго постои информацијата и дали податоците застаруваат. Законите и другите регулаторни барања се исто така важни при класифицирање на информациите.

Класифицирањето на називите на информациската безбедност кои се избрани да се употребуваат зависат од природата на организацијата, како на пример:

- Во деловниот сектор, како што називите: Јавни, Осетливи, Приватна, Доверливи.

[74] Македонски институт за медиуми, Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет, 2015 год., стр.33-35.

- Во државниот сектор, како што се нaзивите: Не класифицирани, Осетливи но не класифицирани, Ограничени, Доверливи, Тајна, Строго доверлива тајна[75].

Според степенот на класификација, информациите ја имаат следната поделба:

- Државна тајна
- Строго доверливи
- Доверливи[76]

Видот на информациите зависи од нивната природа, околината во која се обработуваат и за што се наменети. Секоја информација освен видот во себе содржи и карактеристики кои ја дефинираат.

Во литературата постои и општа класификација на карактеристиките на информацијата како поим. Според институтот за комуникациски студии во Скопје, поделбата е следна:

a) Информацијата е временски ограничена. Тоа подразбира дека таа е достапна и е наменета за оној коишто се однесува веднаш, но, доколку на истата и помине рокот на соопштување, а е од голема важност, тогаш истата, го губи своето значење, и станува непотребна.
b) Точност. Точноста на информацијата е од многу важно значење. Доколку се обезбеди навремена и точна информација, добиваме важност на информацијата
c) Сигурност. Сигурната и проверена информација го одредуваат квалитетот на истата.
d) Безбедност. Информацијата треба да биде безбедно процесирана од почетокот до крајот на своето дејствување, за да ја постигне својата посакувана цел и делување[77].

---

75 Извор: http://www.dbki.gov.mk/files/pdf_files/Zakon_za_klasificirani_informacii-konsolidiran_tekst.pdf, посетено на 04.06.2019 год.
76 Извор - http://www.dbki.gov.mk/?q=node/129, посетено на 10.07.2019 год.
77 Институт за комуникациски студии, Потреба и важност од ефективна комуникација, Скопје 2015 год, стр.5.

## 4.5 Меѓузависноста на информациите и комуникациите

Информацијата како поим и нејзината структура е во суштинска меѓу зависност со комуникациите.

Интеракцијата помеѓу информациите и комуникациите е особено важна кога е придружена со меѓусебна зависност - степенот до кој членовите на групата се меѓусебно зависни едни од други за да се постигне зададената цел. Во некои случаи, а особено во работните групи, меѓу зависноста вклучува потреба од заедничка соработка за успешно постигнување на една задача[78].

Комуникациите во системот на информирање имаат свое значење и се тесно поврзани. Во литературата оваа појава се нарекува информациско-комуникациски систем, кој се сваќа како обединување, компромис или нов квалитет[79].

Исто така, во литературата се јавува уште една дефиниција за информациите и комуникациите интегрирани во еден заеднички систем, истиот се нарекува информациско-комуникациски систем.

Под поимот информациско-комуникациски систем се подразбира "збир на институции, канали и активности со чија помош, посебни групи во општествената заедница, обезбедуваат принцип на јавност, и процес на информирање, како и сите нормативни и други односи кои по тој повод настануваат помеѓу тие институции, канали и групи[80].

Комуникацијата е една од најважните активности во една организација[81]. Во основа, информациите кои се создаваат надвор од процесот на комуникацијата и работењето на организацијата, се засноваат на ефективни односи помеѓу поединци и групи. Внатрешна организациска комуникација, сметана како збир на процедури и организирана размена на комуникации, учествува во изградба на бројни проблематични ситуации кои се однесуваат на разбирањето и однесувањето на вработените, а сето тоа е услов за подобра размена на информациите. Затоа,

[78] Извор: http://www.opentextbooks.org.hk/ditatopic/17339, посетено на 04.09.2019 год.
[79] Извор: https://www.internetworldstats.com/links10.htm, посетено на 04.09.2019 год.
[80] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.38.
[81] Thomas E. Harris, Mark D. Nelson, Applied Organizational Communication, University of Alabama, 2009, стр.67.

комуникацијата не се одвива во стерилно и изолирано опкружување и директно е под влијание на поединците што ја сочинуваат размената на информации[82].

Информациите и комуникациите се тесно поврзани, и меѓусебно зависни, во процесот на обезбедување на квалитетен и заштитен циклус на информирање.

Информациите ја градат комуникацијата. Без информации нема комуникација, но и без сигурна комуникација нема веродостојни информации.

Комуникациите и информациите се взаемно поврзани преку процесот на дистрибуција на пораката.

Сите тие се дел од системот за јавно информирање, а истите го сочинуваат:

a) Субјектите кои комуницираат;
b) Средствата со чија помош комуницираат; и
c) Условите во кои комуницираат[83].

За меѓусебната зависност, говори и основната теорија на информациите, која претставува темел на нивната поврзаност.

### 4.5.1 Основи на теоријата на информациите

Теоријата на информациите е позната како математичка теорија. Неа ја поставил Клод Шенон кој во 1949 година го објавил трудот "Математичка теорија на врски". Оваа теорија е премногу општа по својот обем, фундаментална по проблемите што ги третира и е класично моќна по резултатите што ги постигнува. Според Шенон „*Таа може да се примени во разни видови на кодови: од пишаниот јазик, преку нотите со кои се музицира и говорот, па се до Морзеова и Брајовата азбука*". Математичката теорија всушност се занимава со проблемите на пренесување на пораката во комуникацискиот процес. Теоријата на информациите може да се дефинира како наука која се занимава со изучување на механизмите на пренесување на пораката во универзален вид[84].

---

[82] Pipaş Maria Daniela, THE INTERDEPENDENCE BETWEEN MANAGEMENT, COMMUNICATION, ORGANIZATIONAL BEHAVIOR AND PERFORMANCE, University of Cluj-Napoca, Romania, 2015, стр.1561.
[83] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, 160-161.
[84] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.31.

Математичкиот модел на К. Шенон и В. Вивер кој тие го имаат развиено во 1949 година функционира на следниот начин:




Слика 2: Математички модел на К. Шенон и В. Вивер

Во непосредното комуницирање, лице во лице изворот на информацијата е мозокот чија порака органот за говор ја кодира, ја претвора во специјален вид на сигнал, во зборови, кои преку каналот за врски –преку воздухот, се пренесува до соговорникот чиј орган за слух, заедно со одредени нерви, ги прима сигналите, ги декодира и пораката во првобитниот облик ја доставува, до одредиштето, односно до мозокот на соговорникот (доколку ставува збор за човек со човек, машина со човек) при преносот на пораката[85].

Според Клаус Кипендорф преносот на информациите помеѓу машина со машина претставува „*процес на пренос на структура помеѓу деловите на системот кои можат да се идентификуваат во времето и просторот"*[86].

Основните концепти во теоријата на информациите и кодирањето претставува темел за понатамошно разбирање на информациите од социолошки, математички и технички аспект. Како резултат на важноста на оваа теорија и нејзиното понатамошно изучување воведен е посебен курс што се предава на Универзитетот во Јужна Калифорнија од средината на 1960-тите години[87].

[85] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.31.
[86] Klaus Krippendorff, Content Analysis: An Introduction to Its Methodology, Sage Publications, 2004, стр.94-95.
[87] Golomb, Solomon W., Peile, Robert E., Scholtz, Robert A., Basic Concepts in Information Theory and Coding, Springer Publishing Company, 2010, стр.62.

Според Норберт Винер поимот комуницирање се разбира како сообраќај помеѓу две битија. Сосема е можно, вели Винер, кога човекот разговара со машината, машината со човекот или машината со машината структурата е порака и може да се пренесе како порака[88].

Кај сите облици на комуницирање, од изворот до одредиштето → примачот информацијата е изложена на пречки, на одредени бариери, шумови или технички пречки кои настојуваат да ја искриват а во некои случаеви и да ја оневозможат смислата на пораката. Во овој случај се појавува информациска бариера. Термин кој се користи за да се означи пречка во ширењето на информацијата. Како пример може да се посочат недоволно познавање на јазикот кој се користи, недостапност до материјали за обработка, техничка недостапност на теренот за пренос на информацијата, непознавање од компјутерската техника за пренос на информацијата итн. Квалитетот и сигурноста на пораката зависат токму од овие информациски бариери. Квалитетот на информацијата е навистина важно прашање. Методолошки е неоправдано одвојувањето на квантитетот од квалитетот, бидејќи не можно едното без другото. Исто така, кога се говори за квалитетот на информацијата треба да се разликуваат два квалитети: техничкиот квалитет и содржински, односно благовремен квалитет на информацијата.

Во литературата постојат разни дефиниции за теоријата на информациите.

Абрахам Молес (Abraham Moles), 1968 ја претставува теоријата на информациите како „*голема теорија во епистемолошка смисла, за обликот на односот на човекот и светот кој го опкружува*“. Молес оди дотаму што оваа теорија ја сместува на ниво како што е теоријата на релативитетот, квантната теорија итн[89].

Во процесот на преносот на пораката Теоријата на информациите посветува посебно внимание на квантитативното мерење на информацијата и на сите појави кои го загрозуваат трансферот на пораката[90].

---

[88] Norbert Wiener , Generalized Harmonic Analysis and Tauberian Theorems, The MIT Press, 1666, стр.123.
[89] Благоја Вељаноски, Хрестоматија по филозофија на физиката, Галаксија, Скопје 2013, стр.4.
[90] Груевски Т. Комуникации и култура, Студентски збор, Скопје, 2004, стр.78.

## 4.6 Значењето на информациите за безбедноста на државата

Употребата на информациите и нивното толкување имаат важна улога во безбедноста на државата. Тие го формираат комуникацискиот процес, и секое нивно погрешно толкување, може да предизвика низа непријатности.

Доколку нема проверени и координирани информации, во некој безбедносен сектор, може да настане до внатрешни и надворешни промени, кои би биле од клучно значење за безбедноста на државата[91].

Информациите кои се предмет на обработка во безбедносниот сектор, подлежат на дополнителни проверки, поради природата на работењето на секторите. За правилна примена на информациите во безбедносниот сектор, истите треба да бидат јасни, веродостојни (проверени), и да се поткрепени со факти[92].

Безбедноста на информациите ја заштитува информацијата од низа закани, се со цел да се обезбеди континуитет на работењето, да се минимализира потенцијална штета, и да се максимизираат резултатите, кои ги оправдуваат инвестициите во безбедносниот сектор и безбедноста на информациите. Секоја институција развива сопствен систем на безбедност на информациите со што се спроведуваат заштитни мерки и контроли, како и ниво на доверливост, интегритет и достапност[93].

Безбедноста на информациите, е практика на заштита на информациите со ублажување на ризиците кои можат да и наштетат на информацијата. Тоа е дел од управувањето со ризикот на информации. Обично вклучува спречување или барем намалување на веројатноста за неовластен ,несоодветен пристап, употреба, откривање, нарушување, бришење, уништување, корупција, модификација, инспекција, евидентирање или девалвација, иако може да вклучува и намалување на негативните влијанија од инциденти. Информациите може да имаат каква било форма, на пр. електронски или физички., материјален (на пр. документи) или нематеријално (на пр.

[91] Извор: https://www.ics-shipping.org/docs/default-source/resources/safety-security-and-operations/guidelines-on-cyber-security-onboard-ships.pdf?sfvrsn=20, посетено на 06.09.2019 год.

[92]Извор:http://www.dzr.mk/Uploads/DIGIPRINT_Evropski_upatstva_za_primena_na_revizorskite%20stadndardi.pdf, посетено на 09.04.2019 год.

[93] Александар Арсовски, Компаративна анализа и детален приказ на процесот на сертификација на информациски системи во државните институции на Република Македонија, Универзитет Гоце Делчев, Штип 2017, стр.26-27.

знаење). Примарниот фокус на безбедноста на информациите е урамнотежената заштита на доверливоста, интегритетот и достапноста на податоците[94].

Негативните влијанија од некоординираност на информациите кои се од безбедносно значење за државата можат да доведат до економски, социјални и политички промени и дејствувања во државата. Поради таа причина, потребно е да се обезбеди сигурност и безбедност на информациите во сите сектори кои се грижат и делуваат за безбедноста на државата[95].

Најчести закани за безбедноста на информациите се:

- Самите вработени;
- Ниската свесност за безбедносните аспекти на информациите;
- Експанзија на користење компјутери и компјутерски мрежи;
- Интернет и електронска пошта (e-mail);
- Напади од хакери и од вируси;
- Елементарни непогоди –пожар, поплава, земјотрес; и
- Тероризам[96].

За да има безбедност во државата, потребно е да се препознае ризикот кои го носат информациите кои се однесуваат на загрозување на било каква форма (закана), за безбедноста на една држава. Се формираат органи кои го проценуваат и управуваат со ризикот, кој би можел да настане од некоја информација[97].

Важен аспект на информациската безбедност на државата и управување со ризик е препознавањето на вредноста на информации како и нивно јасно дефинирање преку соодветни постапки[98].

Постапките кои се користат за заштита на информациите претставуваат начин преку кои се одвива просецот на минимализирање на потенцијалните ризици[99].

---

[94] Andress, J. (2014). The Basics of Information Security: Understanding the Fundamentals of InfoSec in Theory and Practice. Syngress. p. 240.
[95] The White House,National Cyber Strategy, September 2019, стр. 10-11.
[96] Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022, Верзија 1.2, Јули 2018 год.
[97] Андреја Богдановски, Магдалена Ламбеска, Прирачник како да се известува за прашања поврзани со безбедноста, Аналитика Тинк Тенк, Скопје 2015, стр.30
[98] Трајко Спасовски, Управување со ризици, Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Скопје, стр.9.

Влијанието на информацијата се гледа најмногу во општественото делување во една држава. Преку техничко – технолошката, психолошката примена, па се до формирањето на јавното мислење и примената во зачувувањето на безбедноста на државата, како клучна алка во системот на безбедноста[100].

Со техничко - технолошкиот развој безбедносниот сектор на секоја држава влегува во поголем сигурносен круг. Тоа значи дека информациите и нивната безбедност е загарантирана и е усовршена од стана на новите технологии, но тоа не значи дека таа е и целосно сигурна и безбедна од надворешни или од внатрешни влијанија, со цел да се оневозможи нејзино влијание и делување во општеството[101].

Во поглед на информациската безбедност полицијата и војската секако се со посебни овластувања, но, не треба да се изостават и јавниот и приватниот сектор, кои секако делуваат на благосостојбата на државата[102].

Информацијата како појава е неизбежна. Со создавање на посебни современи комуникациски канали се усовршува регулирањето на протокот на информациите во државата и нивната безбедност, внатре и надвор од неа[103].

---

[99] Александра Трпевска, Влијанието на процесот на управување со ризик врз профитабилноста на друштвата за животно и не животно осигурување, Универзитет Свети Климент Охридски, Битола 2017 год., стр.30.

[100] Методија Дојчиновски, Љупчо Левковски, Скрипта по основи на Национална Безбедност, Воена Академија Генерал Михаило Апостолски, Скопје, стр.81.

[101] Извор: http://www.mod.gov.mk/?shtit=26404&lang=mk, посетено на 04.09.2019 год.

[102]Извор:http://www.mvr.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20policija,%20precisten%20tekst%2015.04.2015%20.pdf, посетено на 04.09.2019 год.

[103] Милена Цветкова, Преферирање добри вештини за деловно комуницирање за повисока ефективност на економските перформанси на организацијата, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2014 год., стр. 66.

## 4.7 Примена на информациите во безбедносниот сектор на државата

Безбедносниот сектор е составен од структури, институции и персонал, кои се одговорени за управување и надзор на безбедноста на  национално и локално ниво.

Државата се залага за безбедност на населението, и делува ефикасно и одговорно во рамките на цивилната контрола, владеење на правото и почитување на човечки права[104].

Секоја институција, организација, својата работа ја извршува  врз база на информациите со кои располага, а истото се однесува и за безбедносниот сектор. Правилната примена на информациите е од големо значење за текот на работата  и согледување на потенцијални неправилности.

Основна задача во работењето на безбедносните служби е добивање на сознанија за подготовка и извршување на кривични дела насочени против националните интереси на одредена држава. До колку дојде до сторување на тој вид кривични дела, значи истите потфрлиле, односно не ги извршиле основните функции на превенирање на тој вид криминалитет. Централно место во активностите за борба против тероризмот припаѓа на разузнавањето, соработката и размената на информации[105].

Појавата на слабата соработка на службите и не споделувањето на информациите, Томас Квигин ја нарекува „ефект на силос“. Квигин, овој феномен го евидентира преку истражување на настаните кои се случија во годините наназад , и заклучува дека слабата меѓусебна соработка помеѓу службите и задржувањето на критични информации, е причината за случувањата на најголем дел од неуспесите во разузнавањето[106].

Улогата на информациите во полицијата и  армијата како дел од безбедносните служби во Република Северна Македонија, ќе ги обработам дополнително.

[104] Geneva Centre for the Democratic Control, Security Sector Governance, 2015, стр.2-4.
[105] Ристовска Жанет, Процесот на планирање и донесување одлуки во современите операции, Министерство за одбрана, Скопје 2012 год., стр.149.
[106] Томас Квигин „Да се види невидливото – Разузнавање за национална безбедност во несигурно време“, Магор – Скопје, 2009 год., стр. 98-110.

## 4.8 Значењето на информациите за потребите на полицијата

Државата треба да се води според начелото каде што јасно се истакнува важноста на полициското работење во одржувањето на јавниот ред и мир. Притоа треба да се истакне и професионализмот во полициското работење и неговата ориентација кон служба на граѓаните, како и да се обезбеди непречена работа на полицијата согласно меѓународните стандарди.

Полицијата претпоставува служба која што секојдневно (посредно и непосредно) влијае врз животот на граѓаните. Поради тоа, од голема важност претставува ефикасното и одговорно работење на полицијата како претставник на една држава[107].

Полицијата треба да развива начини и практики за комуницирање и соработка со граѓаните и со институциите во кои делува, за да ја зајакне взаемната доверба на локално, регионално и национално ниво. Добрата соработка и комуникацијата се клучен фактор за ефективно и професионално полициско работење[108].

Во информирањето на јавноста за прашања од надлежност на Министерството за внатрешни работи се води сметка да не се нанесе штета врз работењето и угледот на институцијата, ниту пак на оправдани интереси на други страни. Воедно, информирањето и комуникацијата кон јавноста се одвиваат врз основа на утврдените законски должности и овластувања[109].

Во определувањето на пристапот во комуникацијата со јавноста, Министерството за внатрешни работи, пред се, тргнува од премисата дека полицијата е јавен сервис на граѓаните, насочен во корист на заедницата и на државата. При тоа, на комуникацијата и споделувањето на информациите со јавноста се гледа и како

[107] Весна Стефановска, Богданчо Гогов, улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот: Состојби на град, универзитет Свети Климент Охридски, Битола, 2015 год., стр.47.
[108] Стратегија за развој на полицијата 2016-2020, Проект финансиран од Европската Унија, Јануари 2016 год., стр.22.
[109] Извор: http://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/slagjan.pdf посетено на 10.10.2019 год.

должност кон јавноста, но и можност за соработка, партнерски однос, меѓусебна доверба и поддршка, како темел за постигнување квалитетни резултати во работењето[110].

Доколку, во било која форма на информирање, каналот со кој се пренесува информацијата е загрозен, испрекинат, нецелосен или непроверен информацијата и нејзиното дејствување е контаминирано и не може да се употреби за понатамошни цели[111].

Во основа, комуникацијата на полицијата со јавноста се изведува на три нивоа:

1) **Државно**, односно комуникацијата произлегува од Министерството за внатрешни работи преку Секторот за односи со јавноста.
2) **Регионално**, преку осумте сектори за внатрешни работи и четирите регионални центри за гранични работи и миграција.
3) **Локално,** преку полициските станици[112].

Заради пронаоѓање на сторители на казниви дела, полициските службеници собираат потребни информации од граѓани и претставници на државни органи и правни лица.

*„Полицискиот службеник за секоја добиена информација изготвува службена белешка, која ја доставува до непосредниот раководен полициски службеник[113]“.-*

Во однос на директната комуникација на полицијата со граѓаните, и нивно делување за одржување на јавниот ред и мир, полициските службеници се во секојдневна комуникација со граѓаните.

---

[110] Упатство за кризна комуникација, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2016 год., стр.9.
[111] Извор: https://prezi.com/afk-ynidrcxq/presentation/, посетено на 10.10.2019 год.
[112] Упатство за кризна комуникација, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2016 год.
[113] Член 11од правилникот за вршење на полициските работи, Службен весник на Република Македонија” бр. 114/2006.

Горенаведените примери се однесуваат на локално и регионално ниво на пренос на информациите од страна на полицијата.

Државно ниво на пренос и обработка на информациите претставува стого регулиран процес кој е контролиран од страна на Секторот на односи со јавноста, и се однесува на информации од државен интерес. Тоа подразбира дека информациите кои се обработуваат на државно ниво поминуваат низ дополнителен филтер на провереност, сигурност и точност. Се однесуваат на благосостојбата на граѓаните во државата, на интересите на државата (во и надвор од неа), како и целокупниот општествен, социјален и политички живот во истата[114].

Целта на воведувањето безбедност на информациите и нивното значење за работењето на полицијата претставува зголемена доверба кај граѓаните, намалување во ризикот при извршување на работата за полицијата, безбедност и контрола на заштита за информациите, како и усогласеност со интернационалните и локалните регулативи[115].

## 4.9 Значењето на информациите за потребите на армијата

Достапноста до сигурни информации (во мирно време, конфликт или војна) имаат важна улога во зачувувањето на мирот и стабилноста внатре во самата организација, како и надвор од неа[116].

Тоа значи дека, како за полицијата, така и за армијата информацијата треба да биде, точно дефинирана, целосна, сигурна, проверена и да пристигне до целта (одредиштето), во точно определено време и место, за да ја има посакуваната цел и задача.

Еден  од најзначајните фактори што во иднина ќе го промени начинот на кој воените организации ќе функционираат во воени и мирно времени услови, а истото претставува експлозијата на информации, односно количината на информации што

[114] Извор: http://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/slagjan.pdf посетено на 10.10.2019 год.
[115] Извор: https://dzlp.mk/sites/default/files/pdf/Vodich_za_bezbednost_na_informaciite.pdf посетено на 10.10.2019 год.

[116] Синиша Даскаловски, Војникот носител на мирот, Филозофски факултет, Скопје, стр.337.

треба да се соберат и обработат при донесување на било каква воена одлука. Развојот на сензорите кои имаат за цел да собираат информации, како и да ги обработуваат, комуникациите и визуелизацијата ќе генерираат голема количина на информации што ќе бидат достапни се до нивото на индивидуалниот војник. Притоа, времето за реакција ќе се намалува, но  истовремено ќе се зголемува просторот на кој ќе се изведуваат воените операции. За ефективна имплементација на новите технолошки достигнувања војската треба без предрасуди да го делегира авторитетот за донесување одлуки на пониските нивоа, да изврши децентрализација и да создаде поедноставни организациски структури[117].

Системот преку обезбедување на вистински информации во вистинско време во голема мера го забрзува процесот на планирање и донесување на одлуки[118].

Информациите кои армијата на Република Северна Македонија ги соопштува на своите граѓани, се одвиваат преку Секторот за информации.

Главните одговорности на Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка се однесуваат на односите со јавноста, издавачката дејност на Министерството, анализите и истражувањата на јавните информации, планирањето и реализацијата на обуките за односи со јавноста во Регионалниот центар за односи со јавноста и протоколарната поддршка на работењето на министерот, заменик-министерот и државниот секретар во Министерството[119].

Секторот за комуникации ја информира јавноста за работењето на армијата и Министерството за одбрана, преку издавање на соопштенија, билтени, информации за безбедноста  на државата, работењето на институцијата, мировните мисии во кои учествуваат припадници од македонските безбедносни сили итн.[120].

[117] Ристовска Жанет, Процесот на планирање и донесување одлуки во современите операции, Министерство за одбрана, Скопје 2012, стр.12.
[118] Ристовска Жанет, Процесот на планирање и донесување одлуки во современите операции, Министерство за одбрана, Скопје 2012, стр.51.
[119] Организациска структура на Министерството за одбрана, став 2.
[120] Извор: http://morm.gov.mk/?page_id=14&lang=mk посетено на 10.10.2019 година.

Освен тоа секторот за комуникации има за задача да делува и интерно, односно да ги филтрира, проверува и обработува информациите кои доаѓаат од самата организација[121].

### 4.9.1.Видови на информации во армијата

Во Армијата на Република Северна Македонија информациите се проследуваат преку Канцеларијата за односи со јавност и Секторот за комуникации. Овие две тела работат меѓусебно и координирано за заштита на информациите и комуникацискиот процес во државата за прашања од областа на одбраната. Тие го менаџираат процесот на информатичките продукти и начинот на дистрибуција на информациите[122].

Информациите кои армијата ги дистрибуира до јавноста спаѓаат во категоријата на информации од јавен карактер. Тие се однесуваат на извештаи и планови кои Министерството за одбрана ги објавува на својата веб страна, или преку медиумите за да ја информира јавноста за своите планови и цели, како и за сработената работа.

Според Член 19 од Закон за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/12), класифицираните информации се исто така дел од Министерството за одбрана, во чиј склоп е и Армијата на Република Северна Македонија[123]. Истите не се достапни за јавноста и секое нивно неовластено дистрибуирање, надвор од дозволениот простор, е казниво со закон.

Посебна единица за комнуникација во Армијата претставува К2. Таа е формирана за да ги планира, координира и контролира комуникациско-информациските системи (КИС) за успешно командување и контрола на командите и единиците на Армијата во мир, вонредна и кризна состојба, и во време на војна[124].

---

[121] Милена Цветкова, Преферирање добри вештини за деловно комуницирање за повисока ефективност на економските перформанси на организацијата, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2014 стр. 68.
[122] Извор: http://www.arm.mil.mk/generalshtab/kancelarija-za-odnosi-so-javnosta/, посетено на 10.10.2019 год.
[123] Закон за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/12).
[124] Извор: http://www.arm.mil.mk/generalshtab/j-6-komunikaciski-i-informaciski-sistemi/, посетено на 10.10.2019 год.

## 4.10 Класифицирани информации

Сите информации се различни и потребен е различен степен на заштита. Ова налага да се направи класификација на безбедноста на информациите[125].

Основата дефиниција за класифицирана информација е информација којашто се заштитува од неовластен пристап или употреба и којашто се определува со степен на класификација[126].

Првиот чекор во информациската класификацијата е да се одреди член од повисокото раководство кој располага со одредена информација која треба да биде класифицирана. Следно, се разработува политика за класификација. Потребно е да се опишат различните квалификациони називи, да има дефинирање на критериумите со кои информациите се означуваат, како и листа на потребните безбедносни контроли за секоја класификација[127].

Во согласност со член 50 од Законот за класифицирани информации, на барање на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Воената служба за безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана ги врши оперативните проверки од прв, втор и трет степен за сите воени лица на служба во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија. Лицата кои се вработени во службите за безбедност на Република Северна Македонија, подлежат на проверка од страна на посебно контролирани единици, за својата работа[128].

„Информација од интерес за Република Северна Македонија“ е секоја информација или материјал изготвен од државните органи, орган на единицата на локалната самоуправа, јавно претпријатие, јавна установа и служба, правно и физичко лице, како и странски лица, којшто се однесува на безбедноста и одбраната на

[125] Извор: http://www.pmf.ukim.edu.mk/eduformak/Publications/FINGER-CELA.pdf посетено на 04.09.2019 год.
[126] Извор: http://www.dbki.gov.mk/?q=node/164, посетено на 10.10.2019 год.
[127] Зборник на трудови, Интегрирана корпоративна безбедност и дигиталните трансформации-предизвик на академската заедница и модерните корпорации, Скопје 2018, стр,133.
[128] Извор: http://www.dbki.gov.mk/?q=node/164, посетено на 10.10.2019 година.

државата, нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, уставниот поредок, јавниот интерес, слободите и правата на човекот и граѓанинот[129].

За некој вработен во Армијата (цивил или воено лице), како и во некоја од службите за безбедност во Северна Македонија, да има пристап до информација со одреден степен на класификација, истиот треба да поседува и безбедносен сертификат.

Согласно Законот за класифицирани информации „*секое лице кое има потреба од пристап до и работа со класифицирани информации мора да има безбедносен сертификат соодветен на степенот на класификација на информацијата или безбедносен сертификат со повисок степен*“[130].

Постојат повеќе видови на степенот на класификација на информациите, за кои се издава безбедносен сертификат:

- Државна тајна – 5 години;
- Строго доверливо – 5 години;
- Доверливо - 10 години;
- Интерно - 10 години.

Важноста на безбедносниот сертификат може да престане и пред рокот за кој е издаден доколку настанале одредени случаи предвидени со Законот за класифицирани информации. Сепак, важноста на безбедносниот сертификат за избраните државни функционери, наведени во член 36 од Законот за класифицирани информации е до крајот на нивниот мандат[131].

[129] Извор: http://www.dbki.gov.mk/?q=node/164, посетено на 10.10.2019 год.
[130] Извор: http://www.dbki.gov.mk/files/pdf_files/Zakon_za_klasificirani_informacii-konsolidiran_tekst.pdf, посетен на 10.10.2019 год.
[131] Извор: http://www.dbki.gov.mk/?q=node/224, посетено на 10.10.2019 год.

## 4.11 Регулирање на безбедносните информациски системи

Информацискиот систем ширум светот се соочува од зголемен број на закони и регулативи. Многу од нив имаат важни импликации за управување со информациите и системите за внатрешна контрола, иако можеби немаат експлицитни референци за управување со информации. Ова е затоа што информатичката технологија (ИТ) стана широко распространета во современите организации и очигледно е дека свеста за важечките закони и регулативи, заедно со нивните потенцијални влијанија врз системите за управување со информации, е клучна за безбедноста[132].

Потребата од правила и прописи за текот и обработката на информациите и информациските системи во една државата се од огромно значење за мирот и стабилноста во истата.

За информациите и нивната безбедност, контрола и делување се грижи и посебно тело, кое е исклучиво формирано за проверка на работењето на овие институции и е со посебни ингеренции. Тоа тело се јавува во форма на инспекциски надзор и истиот е формиран од страна на ресорното министерство кое е предмет на анализа[133].

Преку постојан инспекциски надзор врз работењето на безбедносните служби, може да се препознаат слабостите и маните на информациските системи.

Како во приватниот така и во јавниот сектор на државата работата на информациските системи е регулира на Закон. Безбедноста на информациските системи се дел од закон, со што се опфаќаат и информациските системи и информациите кои се користат во службите за безбедност на целата територија на Република Северна Македонија.

---

[132] David Luthy, Karen Forcht Laws and regulations affecting information management and frameworks for assessing compliance, Emerald Group Publishing Limited, 2006, стр-155-166.

[133] Интерен правилник, Министерство за информатичко општество, Скопје, 2018 год.

Според Член 2, од Законот за Електронско управување, стандардите и правилата за безбедност на информациските системи опфаќаат:

- минимални критериуми и безбедносни мерки кои треба да ги содржат информациските системи;
- минимални општи насоки за заштита на информациите од намерни и ненамерни неавторизирани промени, уништување или откривање;
- користење на безбедносните стандарди од серијата МКС ISO/IEC 27000 во информациските системи;
- редовна проверка на безбедноста на информациските системи;
- редовна проценка на ризиците поврзани со безбедноста на информациските системи, нивен приоритет, како и мерки за справување со ризиците во случај на нивна појава;
- надлежност и одговорност за воведување, управување и надзор на безбедноста на информациските системи[134].

Со овие мерки се регулира и заштитува информацијата и информатичкиот систем во државата, јасно се определува нејзината цел и дејствување внатре во системот на безбедноста на државата, и истата се заштитува од непосакувани влијанија[135].

[134] Ивановски Иво, Правилник за стандардите и правилата за безбедност за информациските системи кои што се користат во органите за комуникација по електронски пат, Министерство за информатичко општество, Скопје 2010 год, стр.1.
[135] Извор: http://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/1273, посетено на 10.10.2019 год.

# ГЛАВА 5 - КОМУНИКАЦИИТЕ И БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР

## 5.1 Примена на комуникациските вештини во безбедносниот сектор на државата

Настојувањето за воспоставување состојба на безбедност преставува цивилизациска и културна категорија која ги опфаќа сите аспекти на современата безбедност: економски, социјални, културни, политички, еколошки, воени, одбранбени и итн. Безбедноста можеме да ја третираме како состојба во која е осигурен урамнотеженост физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во однос кон другите поединци, општествени заедници и природата[136].

Добрите комуникациски вештини не значат само размена на податоци во една целина. Станува збор за способност на активно делување и вештината за преведување на податоците во зборови и дела кои ги разбира другата страна (примателот). Комуникацијата мора да се практикува секојдневно, но за ваков вид на комуникација често постојат бариери, бидејќи е почувствителна и се однесува на безбедноста на државата. Затоа е важно да се организира безбедна средина, каде што е можно да се практикуваат и развиваат комуникациски вештини.

Честопати комуникацискиот процес во безбедносните служби се труди информациите кои се предмет на обработка да останат доверливи. Задолжително е клучните елементи на безбедноста на комуникацијата да не бидат компромитирани, односно загрозени.

За комуникацијата во безбедносните служби да се смета за успешна треба да ги задоволува следните параметри:

- Да е пренесена на соодветен (разбирлив) јазик;
- Да е јасна;
- Концизна (содржајна);

[136] Тадиќ Бојана: Несврзаност и меѓународна безбедност. ЦОССИ, Белград, 1989 год., стр. 21.

- Веродостојна;
- Конзистентна (издржана);
- Пренесувачот да има кредибилитет за пренесување на пораката; и
- Тонот и речникот со кои се пренесува истата да се конзистентни и разбирливи[137].

Службениците за безбедност, мора да се во можност да водат разговор на јасен и концизен начин. На тој начин се елиминира ризикот информацијата да биде погрешно разбрана. Од друга страна, неможноста на службеникот да комуницира правилно може да го ограничи неговото работење.

Добрата комуникација повикува да се добие и разбере пренесената содржина на начинот на којшто е наменет. Потребно е службеникот за безбедност кој е дел од комуникацискиот процес, да знае точно кои зборови да ги користи за да ја пренесе својата порака што е можно појасно. Доколку во текот на процесот на комуникација од некому се бара одредено барање, тоа лице не треба да претпоставува што се бара. Овој концепт има мало влијание врз рутинското барање или разговор, но е од големо значење за време на вонредни состојби или слични сценарија кога нема време за забуна или недоразбирање. Учесниците во самиот процес на комуникација треба да бидат директни и до точка. Не треба да го засилува разговорот со изјави што се непотребни и неповрзани со барањето. Само службеникот за безбедност кој користи кратки изјави има најдобра можност да ја отстрани збунетоста[138].

За да има позитивни резултати во функционирањето на комуникациските системи во безбедносниот сектор, потребно е комуникациските вештини постојано да се надгледуваат и усовршуваат. Стекнувањето на добри комуникациски вештини е клучно за раст и напредок на сите учесници кои се дел од процесот на комуникација. Затоа е важно да се организираат обуки, семинари и курсеви кои се поврзани со новите начини на комуникација и нивно искористување во работната единица.

---

137 Robert G. Hays, Effective Communication: Practical Lessons from Research, University of Illinois Urbana, Illinois 2015, стр.6.
138 Извор: https://www.securitymatters.com.ph/effective-communication-for-security-officers-8480/

## 5.2 Заштита во комуникацискиот процес

Заштитата се однесува на пречките кои можат да настанат во процесот на комуникацијата. Со појавата на пречки се оневозможува сигурност во преносот на сигналот, пораката и јасноста (разбирливоста) на информацијата која е предмет од комуникацискиот процес.

За да се заштити комуникацискиот процес потребно е да се следат одредени правила законски, технолошки, политичко-социјални, индустриски и технички.

Во зависност од комуникацијата која е предмет на обработка, во безбедносниот сектор, пречките можат да се јават кога пораката (сигналите) се прекинати од надворешно лице кое не е регистран учесник во процесот на комуникација, потоа доколку настанат шумови, електрични празнења кои се непредвидливи, напад на станиците за комуникации, јазична бариера, временска бариера, природни непогоди итн. Причините се многубројни.

Поради сите причини треба да се воведе стандардизиран протокол за делување и работа на комуникациите и нивна заштита. Заштитата се сведува на неколку делови:

- ✓ Заштита на комуникацискиот простор (технолошки и воено безбедно место за комуникација);
- ✓ Јасни и прецизни сигнали (оттргнување на сите шумови);
- ✓ Чистота во изразувањето (јазични бариери);
- ✓ Напредна или соодветна комуниколошка технологија (ова посебно се однесува во комуникација со сојузнички сили, каде што е потребно познавање освен на својата технологија, така и на технологијата која ја користи другата страна);
- ✓ Информирање на тимот за состојбата во којашто се случува комуникацискиот простор (засегнатите страни да се навремено информирани дека во тек е комуникациски процес на обработка);
- ✓ Следење на секоја промена во текот на самиот процес и нејзино навремено откривање
- ✓ Да се комуницираат проблемите и да се предлагаат решенија; и

- ✓ Можност да feedback (повратна информација), како и целовитост на тимот кој е дел од комуникацискиот процес[139].

## 5.3 Форми на заштита од комуникациска небезбедност

Според проценителите за ризик на безбедност комуникациската небезбедност може да се јави во повеќе случаеви:

- Во мирно време;
- Во време на војна, конфликт, бунт, граѓански немири; и
- Во време на природна непогода (земјотрес, поплава, пожар, итн.)[140].

Оваа анализа овозможува да се развие безбеден систем за управување со информации и обезбедува вредни податоци за анализа за идна проценка на ризикот.

Припадниците на безбедносните сили, не можат да издаваат наредби без комуникациски линк со својот тим, или со своите претпоставени. Поради таа причина мошне е важно да се заштити целокупниот комуникациски простор.

Се инсталираат и дизајнираат специјални безжични програми за да опфатат целокупните информативни мрежи и дострели кои се дел од комуникацискиот процес. Ова е нераскинлива алка на комуникациски простор, без разлика дали станува збор за време на конфликт или природна непогода.

Оваа теза се однесува особено на комуникација надвор од просториите на полицијата, армијата, безбедносните служби.

Внатре, во просториите на силите за безбедност и полицијата комуникацискиот процес е заштитен со посебно ниво на безбедност. Тоа подразбира дека се инсталираат најновите информатичко-технолошки достигнувања, програми, компјутерски мрежи и процесори за да се заштитат од надворешни и непосакувани внатрешни влијанија[141].

---

[139] Freedom of expression,media and digital communication, Public Sentinel: News Media and Governance Reform edited Pippa Norris 2009 World.Bank.Publications, 2012 стр.10-12.

[140] Извор: https://onlinelibrary.wiley.com/doi/full/10.1002/sec.321, посетено на 12.08.2019 год.

[141] Javnost I Vojska, Zbornik radova, Centar za civilno-vojne odnose, Beograd, стр. 77-80, 2006 год.

Било какво нарушување на комуникацијата, значи директен удар и врз нашите сојузници, партнери и поради таа причина се воведуваат и одредени санкции за секој настанат прекршок.

Се инсталираат посебно уредени и заштитени лозинки за компјутерската мрежа, дополнителни вируси и антивируси од можни хакерски напади и се контролираат од посебно формирано тело за компјутерска и технолошка заштита.

Секоја неовластена појава или несигурност се пријавува во телото за контрола, или пак доколку истото го забележи непосакуваното дејство, поднесува пријава и со посебни ингеренции постапува по истата.

### 5.3.1 Стандардите и препораките за правилна комуникациската безбедност

За правилна употреба на комуникациите и нивна заштита, задолжително треба да се следат одредени стандарди и утврдени прописи.

Министерството за Информатичко општество донесе Правилник за Информатичките технологии и нивна стандардизација во државните институции во 2011 година. Овој правилник го употребуваат и структурите на безбедност на Република Северна Македонија.

За да имаме правилна комуникациска безбедност треба да се следат следните препораки:

- ✓ Процедура за управување со резервни копии на податоци (back-up) - тоа подразбира прецизно да се дефинираат активностите кои треба да бидат преземени со цел да имаме успешно управување со архивите на податоци во организацијата;
- ✓ Препораки за физичка сигурност / безбедност на капацитети за процесирање на податоци - Целта на физичката сигурност е заштита на доверливоста, интегритетот и достапноста на информациите и операциите од загрозување на истите преку физички средства;
- ✓ Процедура за управување со сигурносни инциденти;
- ✓ Процедура за управување со промени во информациските системи;

- ✓ Политика за употреба и сигурност на лозинки[142].

Со развојот на технологиите, и потребите на комуникациските системи, се јавува и свеста за одговорност за квалитетна и правилна комуникациска безбедност.

Процедурите и стандардите се менуваат согласно напредокот на ИТ системите[143].

Во по опширна анализа спаѓаат и временско (периодично) чување на фајловите со чувствителни информации, заштита на собраниот материјал (физичка и процедурална), одговорност и овластување за чување на собраните информации (материјали) и преглед на добиените информации и комуникациски записи.

Сите овие препораки претставуваат намален ризик за можни нерегуларности во комуникацискиот процес на безбедносните служби.

Со правилна комуникациска безбедност се заштитуваат сите засегнати страни кои се дел од комуникациското делување, се заштитуваат институциите кои комуницираат, оние со кои комуницираат, а со тоа се обезбедува и комуникациска безбедност на државата, внатре и надвор од неа.

[142] Извор: http://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/Informacija_za_IT_standardi_veb.pdf

[143] Извор: http://www.ukim.edu.mk/e-izdanija/FINKI/Modeli_na_e-upravuvanje.pdf посетено на 10.10.2019 год.

# ГЛАВА 6 – ЗАКЛУЧОК

Безбедноста и сигурноста се дел од основните човечки потреби.

Во текот на животот, луѓето бараат пред сѐ безбедност во семејството, и потоа во рамките на роднините, локалната заедница и регионот и, конечно, во рамките на нацијата-државата. Во современиот свет, потребата за безбедност е проширена на меѓународната и глобалната заедница. Можеби звучи премногу едноставно, но тоа е во дел од човековата природа , со што се потекнува и прашањето за глобалното значење на концептот на безбедност, а со самото тоа и безбедноста која произлегува од комуникацискиот процес и информациите во една целина.

Со модернизација на технологијата, се зголемува и потребата да се заштитат информациите.

Пред се треба да се заштити комуникацискиот процес, односно тој да биде најпрво безбеден, за да може да се филтрираат непречено информациите низ него.

Доколку самиот процес на комуникација е небезбеден за комуницирање, во тој случај информациите во него нема да бидат веродостојни , јасни и ќе ја немаат својата првична функција и цел – правилно да ја пренесат саканата порака.

Без разлика дали станува збор за мирно или воено време, комуникацискиот процес и информациите треба да се заштитени од можни хакерски напади, нивно програмско декодирање, и упад во базата на податоци кои се со јавен или ограничен пристап.

Со било какво загрозување на комуникацијата се загрозува и информацијата. Со засилување на безбедноста на информациите се гарантира сигурноста и безбедноста на граѓаните во државата.

На тој начин се потврдува обврската на сите структури на безбедност во државата дека информациите мораат да се заштитат од несакани надворешни и внатрешни влијанија, со што се намалува ризикот најпрвин од техничко-безбедносни

напади, а потоа и физички напад врз силите за безбедност  со што се ослабнува безбедноста во државата.

Преку процесот на планирање се согледуваат сите мани и слабости на комуникацијата. Се анализираат потребите за правилна комуникација и ефектите од истата врз работата на учесниците во комуникацискиот процес, како и во самата организација или безбедносно тело. Без претходен процес на планирање, не може да зборуваме за правилна анализа на комуникацијата.

Процесот на комуникацијата треба да се заштити од надворешни и внатрешни влијанија. Комуникација треба да е координирана  и ориентирана кон решавање на некој зададен проблем или само да  воспостави конкретен пренос на истата.

За да се постигне ефективна комуникација, неопходно е јасно дефинирање на целите на комуникацијата, потребите на целните групи и пораките кои ќе им се упатат, активностите што ќе се применат во самата комуникација, како во самата институција така и надвор од неа. За таа цел, комуникацијата треба да биде соодветно планирана и координирана[144].

Без сигурносен процес на комуникација се ослабнува и безбедноста на државата, како дома така и во меѓународната заедница. Преку зацврстување на системот за комуникациска безбедност се подигнува нивото на сигурност на државата. Со правилно поставени цели и задачи, постојано надградување на службите за безбедност преку обуки, семинари, воведување на правилници и групи за обработка и делувањето на информациите во службите за безбедност , може со сигурност да се каже дека имаме одличен протокол за обезбедување на сигурен комуникациски простор во државата.

Преку заштитата на комуникацискиот процес, се согледуваат и формите на заштита од комуникациска небезбедност. Потребата од дополнителна безбедност на каналите за комуницирање е најмногу изразена во време на војна, бунт, природна катастрофа или друга форма на закана. Поради таа причина сите учесници кои потенцијално би биле дел од тимот на ваков тип на комуникациски процес  треба да се

---

[144] Упатство за кризна комуникација, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2016 год., стр.6.

добро упатени во неговата проблематика. Идејното решение за било каков комуникации процес треба да дојде од самата организација, односно од нејзините членови. Сето тоа може да се постигне само преку континуирано учење, усовршување и надградување на технологијата за комуникации и информации, како и преку воените, правните и цивилните лица кои се дел од самиот процес.

Државата која со Устав го гарантира правото на слобода и безбедност на поединецот-граѓанинот мора да се грижи и за безбедноста во организациските информациони сектори во своите безбедносни организации[145].

Стандардите и препораките за правилно функционирање на безбедносниот сектор во полето на комуникацискиот безбедносен систем, налагаат меѓусебна соработка помеѓу сите учесници во процесот, за да се намалат можните инциденти и нерегуларности.

За правилно комуницирање и планирање во безбедносниот сектор во една држава, од особена важност претставува и телото за комуникација и координација во него. Потребно е регулирање на информацискиот систем во безбедносниот сектор и негова правна заштита. Под правна заштита не се подразбира само донесување на Закон, туку и култура за негово применување и почитување[146].

Во Република Северна Македонија информациите се регулираат преку одредени законски рамки, правилници и уредби.

Ова се дел од нив:

- Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 13/2006);
- Законот за следење на комуникациите (Службен весник на РСМ, бр. 71 од 19.4.2018 година);
- Законот за класифицирани информации (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 9 од 27 февруари 2004 година);

[145] Извор: https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2019/07/2010.pdf посетено на 10.10.2019 год.
[146] Извор: https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/Toolkit_MACEDONIAN_web.pdf посетено на 10.10.2019 год.

- Насоки за комуникација со јавноста за Секторот за односи со јавноста при Министерството за внатрешни работи;
- Упатство за комуникација за време на криза при Министерството за внатрешни работи;
- Дирекција за заштита на лични податоци;
- Дирекција за заштита на потрошувачи[147].

Освен законските рамки со кои се заштитува и обработува информацијата и комуникацискиот процес во Република Северна Македонија, секоја организација има воведено сопствен интерен протокол по кои ќе се организира за поефикасно делување.

Сепак за управување со комуникацискиот безбедносен систем на една држава потребни се големи финансиски средства за имплементација, одржување и менаџирање на истиот. Инвестирањето во информацискиот и комуникацискиот процес во безбедносниот сектор зависи од финансиската моќ на една земја, и нејзините реални потреби.

Само доколку има инвестирање во нови комуникациски технологии, информациски системи и вложување од страна на државата во обуки и развој на припадниците за безбедност, може да се констатира дека една држава има сигурен безбедносен комуникациски процес.

[147] Упатство за кризна комуникација, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2016 год.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Александра Трпевска, Влијанието на процесот на управување со ризик врз профитабилноста на друштвата за животно и не животно осигурување, Универзитет Свети Климент Охридски, Битола 2017 год.
2. Александар Арсовски, Компаративна анализа и детален приказ на процесот на сертификација на информациски системи во државните институции на Република Македонија, Универзитет Гоце Делчев, Штип 2017 год.
3. Almanac on Securety sector oversight in the Western Balkans.
4. Anderson Janna, Pew Research Center, Media Inquiries Washington, 2018.
5. Андреја Богдановски, Магдалена Ламбеска, Прирачник како да се известува за прашања поврзани со безбедноста, Аналитика Тинк Тенк, Скопје 2015 год.
6. Анчевска Кристина, Влијанието на менаџмент контролата врз успешноста на работењето на компаниите, Универзитет Гоце Делчев, Штип 2017 год.
7. Аристотел: "Реторика", Македонска книга, Скопје, 2002 год.
8. Бакрески Оливер: "Координација на безбедносниот сектор – искуства и практики", Филозофски факултет, Скопје, 2006 год.
9. Бакрески Оливер: "Контрола на безбедносниот сектор", Филозофски факултет, Скопје, 2008 год.
10. Barry, T.E, Journalisam Today, Philadelphia 1958.
11. Берман Пол : "Терор и либерализам" Евро Балкан Пресс , Скопје, 2012 год.
12. Beyond Fear - Bruce Schneier.
13. Благоја Вељаноски, Хрестоматија по филозофија на физиката, Галаксија, Скопје 2013 год.
14. Ванковска Билјана: "Меѓународна безбедност" (во печат, 2009 год.)
15. Весна Стефановска, Богданчо Гогов, улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот: Состојби на град, универзитет Свети Климент Охридски, Битола, 2015 год.
16. Винер Норберт: "Кибернетика и друштво", Нолит Београд, 1977 год.
17. Влашчева М, Ефективна организациска комуникација, Универзитет Гоце Делчев, Штип 2011 год.
18. Водич за новинари за пристап до информации од јавен карактер.
19. Vukadinovic Raqdovan: "Megunarodni politicki odnosi", Politicka kultura,Zagreb, 2004

20. Whitman E. Michael and Mattord J. Herbert: "Principles of Information security "Course Technology, 2011.
21. G.G. Brown, Role of Professional Communication in Today's World of Business and Commerce, Journal of Research in Humanities and Social Science, 2014.
22. Гелке Адријан: "Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем", Магор, Скопје, 2009 год.
23. Георгиева Л. "Менаџирање на ризици", Филозофски факултет, Скопје, 2006 год.
24. Гоцевски Трајан: "Основи на системот на националната одбрана" Филозофски факултет, Скопје, 1995 год.
25. Golomb, Solomon W., Peile, Robert E., Scholtz, Robert A., Basic Concepts in Information Theory and Coding, Springer Publishing Company, 2010.
26. Gronlund Ake and Horan Thomas A., 'Introducing e-GOV: History, Definitions, and Issues', Communications of the Association for Information Systems, Volume 15, 2004.
27. Gleick J. Information-History-Theory-Flood. Chapter 1.
28. Груевски Томе: "Комуникации и култура", Студентски збор, Скопје, 2004 год.
29. Груевски Томе: "Историја на новинарството", I и II книг , Студентски збор, Скопје, 1999 год.
30. David Luthy, Karen Forcht Laws and regulations affecting information management and frameworks for assessing compliance, Emerald Group Publishing Limited, 2006.
31. Димовска Б. Комуникациите како алатка за менаџирање во образовните институции, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2012 год.
32. Dictionary Cambridge, Cambridge University Press, 2019.
33. Dr. Lynda Bourne, Communication Planning Series on Stakeholder Engagement, PM World Journal, okt.2016.
34. Geneva Centre for the Democratic Control, Security Sector Governance, 2015.
35. Живко Неделковски-Политиката како комуникација.
36. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 13/2006.
37. Закон за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 55/12).
38. Зборник на трудови, Интегрирана корпоративна безбедност и дигиталните трансформации-предизвик на академската заедница и модерните корпорации, Скопје 2018 год.

39. Ивановски Иво, Правилник за стандардите и правилата за безбедност за информациските системи кои што се користат во органите за комуникација по електронски пат, Министерство за информатичко општество, Скопје 2010 год.
40. Игтон Тери: "Идеологија", Темплум, Скопје, 2005 год.
41. Интерен правилник, Министерство за информатичко општество, Скопје, 2018 год.
42. Институт за комуникациски студии, Потреба и важност од ефективна комуникација, Скопје 2015 год.
43. Javnost I Vojska, Zbornik radova, Centar za civilno-vojne odnose, Beograd, 2006 год.
44. Јанкуловска П, Комуникациски вештини, Интерна скрипта, Скопје, 2000 год.
45. Jason Andress: "The basic of information security: Understanding the fundamentals of InfoSec in theory and practice".
46. Klaus Krippendorff, Content Analysis: An Introduction to Its Methodology, Sage Publications, 2004.
47. Котовчевски Митко: "Национална Безбедност на Република Северна Македонија" I, II и III книга, Македонска цивилизација, Скопје, 2000 год.
48. Кристина Греј: "Меѓународното право и употребата на сила", Просветно дело, Скопје, 2009 год.
49. Lic.E. Kultura I komunikacija XX vek, Beograd, 2002 год.
50. Македонски институт за медиуми, Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет, 2015 год.
51. Манева Ирена, Радиото како медиум за комуницирање во основното училиште, Универзитет Гоце Делчев , Штип, 2012 год.
52. Managing an Information Security and Privacy Awareness and Training Program - Rebecca Herold
53. Марија Влашчева, Ефективна организациска комуникација, Универзитет Гоце Делчев ,Штип, 2011 год.
54. Marion Kelt ,Smile by Imperial College, Glasgow Caledonian University, 2018.
55. Macovei Monica: "Слобода на изразување" Водич за имплементација на Член 10 од Европската конвенција за човекови права.
56. Masleša R., Teorija i sistemi sigurnosti, Magistrat, Sarajevo, 2001.
57. Maximum Security – Anonimus
58. Merriam-Webster, Merriam-Webster Collegiate Dictionary, Springfield 2019.
59. Mek Kvejl, Uvod u sociologiju masovnih komunikacija. Beograd: Glas 1976.

60. Методија Дојчиновски, Љупчо Левковски, Скрипта по основи на Национална Безбедност, Воена Академија  Генерал Михаило Апостолски, Скопје.
61. Милена Цветкова, Преферирање добри вештини за деловно комуницирање за повисока ефективност на економските перформанси на организацијата, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2014 год.
62. Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022, Верзија 1.2, Јули 2018 год.
63. Никола Дујовски, Факултет за безбедност, Скопје, 2018 год.
64. Nikolić Milos, Menadžment I funkcija menadžmenta, Visoka skola primenjenih Strukovih Studija, Vranje, Srbija 2014.
65. Norbert Wiener, Generalized Harmonic Analysis and Tauberian Theorems, The MIT Press, 1666.
66. Организациска структура на Министерството за одбрана.
67. Основи на безжична комуникација – Дејвид Це и Прамонд Висванат.
68. Панајотова Д. Планирањето и креирањето на менаџмент-стратегии во организационите субјекти, Гоце Делчев, Штип, 2016 год.
69. Paul Watzlavic –Numan Communication.
70. Pipaş Maria Daniela, THE INTERDEPENDENCE BETWEEN MANAGEMENT, COMMUNICATION, ORGANIZATIONAL BEHAVIOR AND PERFORMANCE, University of Cluj-Napoca, Romania, 2015.
71. Правилник за вршење на полициските работи, Службен весник на Република Македонија” бр. 114/2006.
72. Прирачник за стратешко планирање. Скопје, Влада на Република Северна Македонија, 2014 год.
73. Principles of Information –Michel E. Whitman, Herbert J.Mattord
74. Principles of Information Security - Michael E. Whitman Herbert J. Mattord,Kindle Edition, 2011.
75. Rebecca Herold,  Managing an Information Security and Privacy Awareness and Training Program, Press, Inc. Boca Raton, 2010.
76. Ристовска Н. Цели на планирањето, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, 2016 год.
77. Ристовска Жанет, Процесот на планирање и донесување одлуки во современите операции, Министерство за одбрана, Скопје 2012 год.

78. Riju Dave, The Economic Times, Bennett, Coleman & Co. Ltd, Август 2017.
79. Robert G. Hays, Effective Communication: Practical Lessons from Research, University of Illinois Urbana, Illinois 2015.
80. Серафимова М. Личната комуникациска ефикасност на менаџерот: современи менаџерски практики, Штип: 2-ри Август, 2016 год.
81. Securety Warrior - Cyrus Peikari, Anton Chuvakin
82. Securing the Smart Grid: Next Generation Power Grid Security - Tony Flick, Justin Morehouse
83. Security Strategy: From Requirements to Reality- Bill Stackpole and Eric Oksendahl
84. Стејн Марк: "Осамена Америка", Матица Македонска, Скопје, 2010 год.
85. Синиша Даскаловски, Војникот носител на мирот, Филозофски факултет, Скопје.
86. Смилевски Веле: "Новинарски лексикон", Матица Македонска, Скопје, 2001 год.
87. Сорос Џорџ: "Балонот на американската надмоќност", Евро Балкан пресс, Скопје 2007 год.
88. Софијанова Еленица, Факултет за економија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип 2018 год.
89. Спирковска Марина, Човековите ресурси како стратешка функција на организациите, Универзитет Свети Климент Охридски, Битола 2018 год.
90. Стратегија за развој на полицијата 2016-2020, Проект финансиран од Европската Унија, Јануари 2016 год.
91. Тадиќ Бојана: Несврзаност и меѓународна безбедност. ЦОССИ, Белград, 1989 год.
92. Томас Квигин „Да се види невидливото – Разузнавање за национална безбедност во несигурно време“, Магор – Скопје, 2009 год.
93. Трајко Спасовски, Управување со ризици, Министерство за финансии на Република Северна Македонија, Скопје.
94. Thomas E. Harris, Mark D. Nelson, Applied Organizational Communication, University of Alabama, 2009.
95. The White House,National Cyber Strategy, September 2019.
96. Umberto Eko – Kultura, informacija, komunikacija, NOLIT, Beograd, 1973.
97. Упатство за кризна комуникација, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2016 год.
98. Упатство за кризна комуникација, Министерство за внатрешни работи, Скопје, 2016 год.

99. Урсул А.Д.: Што е информација, во весник Москово универзитета, Сериа информатика, бр.2.1971 год.
100. Frank Dance, Human Communication Theory, Harpercollins College Div, 1982.
101. Freedom of expression,media and digital communication, Public Sentinel: News Media and Governance Reform edited Pippa Norris 2009 World.Bank.Publications, 2012.
102. Constructing Europe as a Global power: From market to identity - Marjan Bojadziev, Kokan Grcev, Stevo Pendarovski.
103. Cyril J. O'Donnell/Harold Koontz, Principles of Management: An Analysis of Managerial Functions, McGraw-Hill Education, 2018.
104. Џозеф Нај, Нова Македонија,05.07.2018 год.
105. Шнапер Доминик: "Заедница на граѓани кон модерната идеја за нацијата", Слово, Скопје, 1994 год.
106. Wood Nicholas  M.A Radio/TV Production & Communication, University of Hyderabad 2016.
107. Wood, J. T. Gendered media: The influence of media on views of gender. Gendered lives: Communication, gender and culture, 1994.

Интернет извори:


108. httsp://simplicable.som/new/communication-planning
109. https://onlinelibrary.wiley.com/doi/full/10.1002/sec.321
110. https://www.securitymatters.com.ph/effective-communication-for-security-officers-8480/
111. http://www.mioa.gov.mk
112. http://www.ukim.edu.mk/e-izdanija/FINKI/Modeli_na_e-upravuvanje.pdf
113. http://www.arm.mil.mk
114. https://dzlp.mk/sites/default/files/pdf/Vodich_za_bezbednost_na_informaciite.pdf
115. http://morm.gov.mk/?page_id=14&lang=mk
116. http://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/slagjan.pdf
117. http://www.mod.gov.mk/?shtit=26404&lang=mk
118. http://www.mvr.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20policija,%20precisten%20tekst%2015.04.2015%20.pdf
119. https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2019/07/2010.pdf
120. https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/Toolkit_MACEDONIAN_web.pdf
121. https://www.ics-shipping.org/docs/default-source/resources/safety-security-and-operations/guidelines-on-cyber-security-onboard-ships.pdf?sfvrsn=20
122. Извор:http://www.dzr.mk/Uploads/DIGIPRINT_Evropski_upatstva_za_primena_na_revizorskite%20stadndardi.pdf
123. http://www.opentextbooks.org.hk/ditatopic/17339
124. https://www.internetworldstats.com/links10.htm
125. https://www.sciencedaily.com/terms/evolution.htm
126. https://www.toolshero.com/author/patty-mulder/
127. http://www.amazon.com/Information-History-Theory-Flood/dp/0375423729
128. http://en.wikipedia.org/wiki/Information_security
129. http://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/Informacija_za_IT_standardi_veb.pdf
130. https://mk.seamonkeyworship.com/1147-types-of-communications.html

131. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%B1%D0%B5%D0%B7%D0%B1%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82
132. http://www.dbki.gov.mk
133. http://www.pmf.ukim.edu.mk/eduformak/Publications/FINGER-CELA.pdf
134. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%B1%D0%B5%D0%B7%D0%B1%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82
135. https://architecture.uonbi.ac.ke/sites/default/files/cae/builtenviron/architecture/INTRODUCTION%20TO%20COMMUNICATION%20-%20NOTES.pdf
136. https://makedonskijazik.mk/2009/09/%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D1%83%D0%BD%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0.htm
137. http://www.jpacademy.gov.mk/upload/materijali%202017/Komunikaciski%20vestini%20-%20P.%20Jankulovska%207%204%20n1.pdf
138. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%B1%D0%B5%D0%B7%D0%B1%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82
139. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0_%D1%82%D0%B5%D1%85%D0%BD%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0
140. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%B1%D0%B5%D0%B7%D0%B1%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82
141. https://mvr.gov.mk/page/sektor-za-odnosi-so-javnost
142. https://simplicable.com/new/communication-planning
143. https://one.comodo.com/blog/msp/why-business-information-systems-are-important.php
144. https://securityboulevard.com/2019/03/the-importance-of-information-security/
145. https://www.hackerone.com/start-hacking